# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 62 Год. LXII Петок, 19 мај 2006 Цена на овој број е 370 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 792. | **Указ** за поставување на вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија и Шеф на Мисијата на Република Македонија при Европските заедници...................................... | **2** |
| 793. | **Закон** за управните спорови............... | **2** |
| 794. | **Закон** за прекршоците | **14** |
| 795. | **Закон** за поттикнување на вработувањето........................................................ | **52** |
| 796. | **Решение** за именување шеф на Канцеларијата за врски на Република Македонија во Приштина, акредитирана при УНМИК.......................................... | **54** |
| 797. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.................................................. | **54** |
| 798. | **Правилник** за содржина на извештаи за склучени договори за финансиски лизинг.................................................... | **58** |
| 799. | **Правилник** за начинот и условите за добивање дозвола за вршење финансиски лизинг.......................................... | **59** |
| 800. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направените услуги во царинската постапка........... | **60** |
| 801. | **Упатство** за изменување на Упатството за начинот и постапката за отворање и затворање на сметка.......... | **60** |
| 802. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за поблиските просторни услови, опремата и кадрите за основање и работење на здравствените установи...... | **60** |
| 803. | **Одлука** за утврдување на продажната цена на пригодните ковани пари…...... | **61** |
| 804. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за усвојување План за набавки на Народна банка на Република Македонија за 2006 година.......... | **63** |
| | **Исправка** на Законот за судовите....... | **64** |
| | **Исправка** на Законот за данокот на добивка (Пречистен текст).................. | **64** |
| | **Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија** | |
| 72. | **Одлука** за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење во „СИЛМАК“ ДООЕЛ експорт-импорт Јегуновце............................................... | **64** |
| 73. | **Одлука** за утврдување на работните места во АД „Алкалоид“ Скопје на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, во постапка на ревизија | **69** |
| | **Огласен дел**.......................................... | **1-72** |

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**792.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

**У К А З**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ШЕФ НА МИСИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРИ ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

I

Д-р Блерим Река, се поставува за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија и Шеф на Мисијата на Република Македонија при Европските заедници, со седиште во Брисел.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 23
17 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**793.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНИТЕ СПОРОВИ**

Се прогласува Законот за управните спорови,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 мај 2006 година.

Број 07-1997/1
12 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА УПРАВНИТЕ СПОРОВИ**

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста, Управниот суд (во натамошниот текст: судот ), во управни спорови одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи, како и за актите донесени во прекршочна постапка.

Член 2

Во управен спор судот одлучува за законитоста на поединечните акти донесени во изборната постапка и на поединечните акти за избори, именувања и разрешувања на носители на јавни функции, ако тоа е определено со закон, како и за актите за именување, назначување и разрешување на раководни државни службеници, ако поинаку не е определено со закон.

Во управен спор судот одлучува за законитоста на актите на државните органи, Владата и на носителите на јавни овластувања, донесени во форма на пропис ако тие ги уредуваат поединечните односи.

Во управен спор судот решава и одлучува за спор што ќе произлезе од спроведувањето и извршувањето на одредбите на концесиските договори, договорите за јавни набавки кои се од јавен интерес и за секој договор во кој една од страните е државен орган, организација со јавни овластувања, јавно претпријатие, општините и градот Скопје склучен од јавен интерес или заради вршење јавна служба (во натамошниот текст: управни договори).

Во управен спор судот одлучува и против поединечни акти на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога за решавање во втор степен против таквиот акт, не е обезбедена друга правна заштита.

Во управен спор судот одлучува за судир на надлежностите меѓу органите на Републиката, општините и градот Скопје, меѓу општините и градот Скопје и по споровите настанати за судир на надлежностите меѓу општините и градот Скопје и носителите на јавните овластувања, ако тоа е предвидено со закон, доколку со Уставот или законите не е предвидена поинаква судска заштита.

Кога во управен спор се оспоруваат актите од овој член, во постапката се применуваат одредбите од овој закон, ако со друг закон поинаку не е предвидено.

Член 3

Право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон.

Државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво, населба и слично или група лица, иако немаат својство на правно лице, можат да поведат управен спор ако можат да бидат носители на правата и обврските за кои се решавало во управната постапка.

Кога орган на општините и градот Скопје, или на организација решава во прв степен во управна работа од изворна и делегирана надлежност, а по жалбата против таквиот акт решавал надлежен орган определен со закон, управен спор против второстепениот акт може да поведе и општината и градот Скопје, односно организацијата чијшто орган решавал во прв степен, ако смета дека со второстепениот акт е повредено правото на локалната самоуправа, односно правото на управување.

Управен спор може да поведе Јавниот правобранител на Република Македонија, кога со управен акт или со управен договор се повредени законот или јавниот интерес, односно институцијата што ја застапува според закон.

Тужител во управен спор може да биде и синдикалната организација ако оцени дека на нејзин член со управниот акт му е повредено правото или непосреден интерес заснован врз закон.

Кога на поединец кој е член во некое здружение кое според своите правила има задача да штити определени права и интереси на своите членови, а со управен акт му е повредено некое право или интерес, здружението може, во согласност со членот и од негово име, да поднесе тужба и да води управен спор против таков управен акт.

Здружението од ставот 6 на овој член, може во секој стадиум на постапката, со права на спореден замешувач, да стапи во веќе поведениот спор на страната на тој поединец и во негова корист да ги преземе сите дејствија и да ги употребува сите правни средства, доколку тоа не е во спротивност со изјавите и постапките на самата странка.

Член 4

Управните спорови во Република Македонија ги решаваат:

- Управниот суд, како првостепен суд и
- Врховниот суд на Република Македонија, одлучува по вонредни правни средства.

Член 5

Пресудите на судовите донесени во управните спорови се задолжителни и извршни.

Член 6

Под орган во смисла на овој закон се подразбираат органите на државната управа, Владата на Република Македонија, други државни органи, управни организации, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, трговските друштва, фондови, установи, организации и заедници, здруженија на граѓани и други организации и заедници кога во вршењето на јавни овластувања решаваат во управни работи.

Член 7

Управен акт во смисла на овој закон е акт со кој органите од членот 6 на овој закон решаваат за извесно право или обврска на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и актите донесени во прекршочната постапка.

## II. УПРАВЕН СПОР

Член 8

Управен спор може да се води против управен акт донесен во втор степен (конечен управен акт).

Управен спор може да се поведе и против првостепен управен акт, против кој нема место за жалба во управната постапка.

Управен спор може да се поведе и кога надлежниот орган по барањето, односно по жалбата на странката не донел соодветен управен акт, под условите предвидени со овој закон.

Управниот спор може да се поведе и за повреда на одредбите од управните договори, согласно со одредбите од овој закон.

Член 9

Управен спор не може да се поведе:

1) против акти донесени во работи во кои судска заштита е обезбедена вон управниот спор и

2) за работи за кои врз основа на уставни овластувања директно одлучува Собранието и претседателот на Република Македонија, освен за одлуки за именување и разрешување.

Член 10

Управниот акт може да се побива, ако:

1) неправилно е применет законот;

2) актот е донесен од страна на ненадлежен орган и

3) во постапката која му претходела на актот не се постапило според правилата на постапката, а особено што фактичката состојба не е утврдена правилно, или ако од утврдените факти е изведен неправилен заклучок во однос на фактичката состојба.

Член 11

Во управниот спор може да се бара и враќање на одземените предмети, како и надоместок на штетата што му е нанесена на тужителот со извршувањето на актот кој се оспорува.

Член 12

Тужена страна во управниот спор е органот чиј акт се оспорува.

Член 13

Ако на трето лице, на кое поништувањето на оспорениот управен акт непосредно би му било од штета, како заинтересирано лице во спорот има положба на странка.

Член 14

Тужбата, по правило, не го спречува извршувањето на управниот акт против кој е поднесена.

По барање на тужителот, кога извршувањето на управниот акт би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, органот чиј акт се извршува може да го одложи извршување.

По секое барање, надлежниот орган е должен да донесе решение најдоцна во рок од три дена од приемот на барањето.

Органот од ставот 2 на овој член, може и од други причини да го одложи извршувањето на оспорениот акт до конечната судска одлука, ако тоа го дозволува јавниот интерес.

## III. ВРЕМЕНИ МЕРКИ

Член 15

Ако надлежниот орган што го донел управниот акт од членот 14 на овој закон пристапи кон извршувањето на актот до донесувањето на одлуката на судот, тужителот може да бара судот да донесе времена мерка за одлагање на извршувањето на управниот акт.

Тужителот може да бара донесување на времена мерка и за времено уредување на состојбата во однос на спорниот правен однос ако тоа уредување, пред се, кај правните односи кои траат се покаже за потребно за да се избегнат потешки штетни последици или насилство што се заканува.

За донесување на времена мерка од претходните ставови, надлежен е судот што одлучува по тужбата.

Судот одлучува по предметот за донесување на времена мерка во рок од седум дена од приемот на барањето со одлука која треба да биде образложена. Судот може донесувањето на времената мерка да го поврзе со условот да се даде осигурување за штетата која евентуално би настанала за спротивната странка, заради нејзиното донесување.

Против одлуката од претходниот став, странките можат во рок од три дена да поднесат жалба до судот надлежен за решавање, кој по жалбата е должен да одлучи во рок од три дена од нејзиниот прием.

## IV. НАДЛЕЖНОСТ И СОСТАВ

### 1. Стварна надлежност

Член 16

Управниот суд во управен спор одлучува по тужби против управни акти.

Врховниот суд одлучува по вонредни правни средства против одлуките на Управниот суд.

Врховниот суд решава за судир на надлежност меѓу Управниот суд и другите судови.

Член 17

Управниот суд одлучува по тужби против управни акти донесени од фондови, јавните претпријатија, установи, организации и заедници, здруженија на граѓани и други организации и заедници, кога во вршењето на јавни овластувања решаваат во управни работи и склучуваат управни договори.

Управниот суд одлучува во прв степен и по тужби против решенијата на градоначалникот кога решава во управни работи и склучува управни договори.

**2. Состав**

Член 18

Управниот суд брои 19 судии.

Бројот на судиите на Управниот суд се зголемува со одлука на Судскиот совет на Република Македонија.

Управниот суд во управен спор решава во совет составен од тројца судии.

Кога Врховниот суд решава по вонредни правни средства, решава во совет составен од тројца судии.

V. ПОСТАПКА

**1. Постапка по тужба**

Член 19

Управен спор се поведува со тужба.

Член 20

Тужбата се поднесува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

Рокот од ставот 1 на овој член важи и за органот овластен за поднесување тужба, ако му е доставен управниот акт. Ако актот не му е доставен, може да поднесе тужба во рок од 60 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката во чија корист е донесен актот.

Тужба против одлуката од членот 2 став 1 на овој закон освен за поединечните акти донесени во изборна постапка, се поднесува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на актот, а доколку актот не е доставен, тужба може да се поднесе во рок од 30 дена од денот на објавувањето на актот, односно на одлуката на Уставниот суд во "Службен весник на Република Македонија".

Тужба против поединечните акти донесени во изборна постапка се поднесува во рок од три дена од денот на донесувањето, односно објавувањето.

Поради неисполнување на обврските од управните договори, тужба се поднесува во рок од 30 дена од денот кога е утврдено неисполнување на обврската.

Член 21

Тужбата му се предава на судот непосредно, или му се испраќа по пошта. Денот на предавањето на тужбата препорачано по пошта, се смета како ден на предавање на судот.

Ако тужбата не му е предадена на судот, туку на друг орган, а пристигне до Управниот суд по истекот на рокот за поднесување на тужба, ќе се смета дека е поднесена навреме, ако нејзиното поднесување до тој орган може да му се припише на незнаење или на очигледна грешка на подносителот.

За лицата кои извршуваат воена обврска во Армијата на Република Македонија утврдена со закон, денот на предавањето на тужбата на воената единица, односно на воената установа или на штабот, се смета како ден на предавање на судот.

Ставот 3 од овој член се однесува и на воени и цивилни лица во служба во Армијата на Република Македонија, односно во воените установи или во штабовите на места во кои не постои редовна пошта.

Член 22

Ако второстепениот орган во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по жалбата на странката против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повторното барање, странката може да поведе управен спор како да е одбиена жалбата.

На начинот пропишан во ставот 1 на овој член може да постапи странката и кога по нејзиното барање не донел решение првостепениот орган против чиј акт нема место за жалба.

Ако првостепениот орган против чиј акт има место за жалба во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по барањето, странката има право со своето барање да се обрати до второстепениот орган. Против решението на второстепениот орган, странката може да поведе управен спор, а под условите од ставот 1 на овој член и ако овој орган не донел решение.

Член 23

Во тужбата мора да се наведе името и презимето и местото на домувањето на тужителот, односно називот и седиштето на правното лице определено во Централниот регистар, актот против кој е насочена тужбата, причините поради кои се тужи, како и во кој правец и обем се предлага поништување на управниот акт. Кон тужбата мора да се поднесе актот во оригинал или во препис.

Ако со тужбата се бара враќање на предмет или надоместок на штета, мора да се стави и определено барање во поглед на предметот или висината на претрпената штета.

Кон тужбата се поднесува и по еден препис на тужбата и на прилозите за тужениот орган и за секое заинтересирано лице, ако има такви лица.

Член 24

Тужителот може да се откаже од тужбата сѐ до донесувањето на одлуката, во тој случај судот со решение ќе ја запре постапката.

Член 25

Ако тужбата е нецелосна или неразбирлива, претседателот на советот ќе го повика тужителот, по потреба и преку друг суд, во оставениот рок да ги отстрани недостатоците на тужбата. Притоа, ќе го поучи што и како треба да направи, ќе му укаже за потребата од полномошник и на последиците што ќе настанат ако не постапи по барањето на судот.

Ако тужителот во оставениот рок не ги отстрани недостатоците од тужбата, а тие се такви што ја спречуваат работата на судот, судот со решение ќе ја отфрли тужбата како неуредна, освен ако не најде дека оспорениот управен акт е ништовен.

Член 26

Судот со решение ќе ја отфрли тужбата, ако утврди дека:

1) тужбата е поднесена ненавремено (член 20) или предвреме (член 22);

2) актот кој се оспорува со тужбата не е управен акт;

3) е очигледно дека со управниот акт кој се оспорува со тужбата не се засега во правото на тужителот или во негов непосреден личен интерес заснован врз закон (член 3);

4) против управниот акт кој се оспорува со тужбата можело да се изјави жалба, а воопшто не е изјавена или не е навремено изјавена;

5) се работи за управен предмет за кој не може да се води управен спор и

6) веќе постои правосилна одлука донесена во управен спор за истата работа.

Од причините од ставот 1 на овој член, судот ќе ја отфрли тужбата во секој стадиум на постапката.

Член 27

Ако судот не ја отфрли тужбата врз основа на членот 25 став 2 или на членот 26 од овој закон, а најде дека оспорениот управен акт содржи такви суштествени недостатоци што ја спречуваат оцената на законитоста на актот, од таа причина со пресуда може да го поништи актот и без доставување на тужбата на одговор.

Член 28

Ако органот за време на судската постапка донесе друг акт со кој се менува или се става вон сила управниот акт против кого е поведен управен спор, како и кога во случајот од членот 22 на овој закон, дополнително ќе донесе управен акт, тој орган, покрај тужителот, едновремено ќе го извести и судот пред кој е поведен спорот. Судот во тој случај ќе го повика тужителот во рок од 15 дена да изјави дали со дополнително донесениот акт е задоволен или останува при тужбата и во кој обем, односно дали тужбата ја проширува и врз новиот акт.

Ако тужителот изјави дека со дополнително донесениот акт е задоволен или ако не даде изјава во рокот од ставот 1 на овој член, судот ќе донесе решение за запирање на постапката.

Ако тужителот изјави дека не е задоволен со новиот акт, судот ќе ја продолжи постапката.

Ако за време на судската постапка првостепениот орган во случаите од членот 30 на овој закон донел управен акт, судот ќе ја запре постапката со решение.

Член 29

Ако тужбата не ја отфрли веднаш со решение според членот 25 став 2 или според членот 26 од овој закон, ниту го поништи актот според членот 27 од овој закон, судот по еден препис од тужбата со прилозите, ќе достави на одговор до тужената странка и до заинтересираните лица ако ги има.

Одговор се дава во рокот што ќе го определи судот во секој одделен случај. Овој рок не може да биде пократок од осум, ниту подолг од 30 дена.

Во оставениот рок тужената странка е должна да ги испрати до судот сите списи што се однесуваат на предметот. Ако тужената странка и по второто барање не ги достави списите на предметот, или ако изјави дека не може да ги достави, судот може да ја реши работата и без списите.

Член 30

За управните спорови судот по правило решава на нејавна седница.

Судот ќе одржи јавна усна расправа:

- поради сложеноста на предметот во управниот спор,
- поради подобро разјаснување на состојбата на работата,
- кога утврдува фактичка состојба,
- кога изведува докази и
- во случаите утврдени во членот 22 од овој закон.

Од истите причини и странката може да предложи да се одржи јавна усна расправа.

Член 31

На странката ќе и се дозволи во работите за кои се бара стручно познавање за прашањата во врска со предметот на управниот спор во управно-судската постапка да доведе стручно лице кое ќе дава совети (стручен помагач). Ова лице не ја застапува странката.

Странката не може да доведе како стручен помагач во управно-судската постапка лице кое не е деловно способно или кое се занимава со надриписарство.

Член 32

Кога надлежниот совет ќе реши да се одржи усна расправа, претседателот на советот ќе го определи денот на расправата и на расправата ќе ги повикаат странките и заинтересираните лица ако ги има.

Член 33

Со расправата раководи претседателот на советот.

За расправата се води записник во кој се внесуваат само суштествените факти и околности, како и диспозитивот на одлуката. Записникот го потпишува претседателот на советот и записничарот.

Член 34

Изостанокот на странката од усната расправа не ја задржува работата на судот. Поради изостанокот на странките, не може да се земе дека тие се откажале од своите барања, туку нивните поднесоци ќе се прочитаат.

Ако на расправата не дојде ниту тужителот ниту тужената страна, а расправата не се одложи, судот ќе го расправи спорот и без присуство на странките.

Член 35

На расправата прво добива збор членот на советот што е известител кој ја изложува состојбата и суштината на спорот, недавајќи свое мислење. Потоа му се дава збор на тужителот да ја образложи тужбата, па на застапникот на тужената страна и на заинтересираните лица да ги образложат своите гледишта.

Член 36

Судот го решава спорот, по правило, врз основа на фактите што се утврдени во управната постапка, или врз основа на фактите што сам ќе ги утврди.

Ако судот најде дека спорот не може да се расправа врз основа на фактите утврдени во управната постапка, поради тоа што во однос на утврдените факти постои противречност во списите, ако тие во суштествени точки се нецелосно утврдени, ако од утврдените факти е изведен неправилен заклучок во однос на фактичката состојба, или ако најде дека во управната постапка не се водело сметка за правилата на постапката што би биле од влијание врз решавањето на работата, судот ќе го поништи оспорениот управен акт со пресуда. Во таков случај, надлежниот орган е должен да постапи онака како што е определено во пресудата и да донесе нов управен акт.

Ако поништувањето на оспорениот управен акт според ставот 2 на овој член и повторното водење на постапката пред надлежниот орган би предизвикало за тужителот штета која тешко би можела да се надомести, или ако врз основа на јавни исправи или други докази во списите на предметот е очигледно дека фактичката состојба е поинаква од онаа што е утврдена во управната постапка, или ако во истиот спор веќе еднаш е поништен управниот акт, а надлежниот орган не постапил во целост по пресудата, судот ќе ја утврди фактичката состојба и врз основа на така утврдената фактичка состојба ќе донесе пресуда односно решение.

Во случајот од ставот 3 на овој член, судот ја утврдува фактичката состојба на расправа преку еден член на советот, преку друг редовен суд или преку друг орган. На расправата се повикува и странката.

Член 37

Законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

На ништовноста на управниот акт судот внимава по службена должност.

Член 38

Судот донесува пресуда, односно решение со мнозинство на гласови, кога решава во совет.

За советувањето и за гласањето се води посебен записник што го потпишуваат сите членови на советот и записничарот.

Советувањето и гласањето се врши без присуство на странките.

Член 39

Судот го решава спорот со пресуда.

Против пресудата од членот 30 став 3 на овој закон е дозволена жалба.

Со пресудата тужбата се уважува како основана или се одбива како неоснована. Ако тужбата се уважува судот го поништува оспорениот управен акт.

Член 40

Кога судот ќе најде дека оспорениот управен акт треба да се поништи, може, ако природата на работата тоа го дозволува и ако податоците на постапката даваат сигурна основа за тоа, со пресуда да ја реши управната работа. Судот задолжително ќе постапи така:

- ако станува збор за погрешна примена на правото (погрешно утврдено правно прашање);
- ако станува збор за спорови од управни договори;
- ако станува збор за акти донесени во прекршочната постапка од страна на органите наведени во членот 1 од овој закон;
- ако дојде до оддолжување на постапката, а се работи за предмет во кој фактичката состојба е утврдена во управно-судската постапка;
- ако претходно со пресуда го поништил управниот акт, а органот не постапил по насоките и ставовите на судот изнесени во пресудата;
- ако надлежниот орган по поништувањето на управниот акт донесе управен акт спротивно на правното мислење на судот, или спротивно на забелешките од судот во однос на постапката, па тужителот поднесе нова тужба и
- во случаите утврдени во членот 22 од овој закон.

Таквата пресуда во сé го заменува актот на надлежниот орган.

Во случаите од ставот 1 алинеи 4 и 5 на овој член судот го известува органот што врши надзор. Органот што врши надзор должен е да го суспендира овластеното службено лице кое не ја почитувало пресудата на судот и покренува постапка за негова одговорност.

Со пресудата со која се поништува оспорениот управен акт судот ќе одлучи и за барањето на тужителот за враќање на предметот. Во однос на надоместок на штета, судот ќе го упати тужителот своето барање да го остварува во парнична постапка.

Кога тужбата е поднесена врз основа на членот 22 од овој закон, а судот најде дека е таа оправдана, со пресуда ќе ја уважи тужбата и ќе определи во која смисла надлежниот орган ќе донесе решение.

Член 41

Ако е одржана усна расправа, судот веднаш по завршената расправа усно ќе ја објави пресудата, односно решението, заедно со најважните причини.

Во сложени случаи судот може да се откаже од усно објавување на пресудата, односно на решението, а најдоцна во рок од осум дена да донесе пресуда односно решение.

Ако по завршената усна расправа не може да се изрече пресуда, односно решение, поради тоа што претходно треба да се утврди таков факт за чие расправање не е потребна нова усна расправа, судот ќе донесе пресуда, односно решение без расправа и тоа најдоцна во рок од осум дена откако ќе го утврди тој факт.

Член 42

Пресудата, односно решението содржи назив на судот, име и презиме на претседателот на советот и на членовите на советот и записничарот, имињата и презимињата на странките и нивните застапници, кратко излагање на предметот на спорот и денот кога пресудата, односно решението се изречени и објавени, диспозитив, образложение и поука за жалба, ако е дозволена жалба. Диспозитивот мора да биде одвоен од образложението.

Оригиналната пресуда, односно решение го потпишуваат претседателот на советот и записничарот.

Пресудата, односно решението им се издава на странките во заверен препис.

## VI. ВОНРЕДНИ ПРАВНИ СРЕДСТВА

### Повторување на постапката

Член 43

Постапката окончана со пресуда или со решение ќе се повтори на барање на странката:

1) ако странката дознае за нови факти, или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои спорот би бил поповолно решен за неа, доколку тие факти, односно докази би биле изнесени или употребени во поранешната постапка;

2) ако до одлука на судот дошло поради кривично дело на судија или службеник во судот, или одлуката е издејствувана со измама од страна на застапникот или полномошникот на странката, на неговиот противник или на неговиот застапник или полномошник, а такво-то дејствие претставува кривично дело;

3) ако одлуката е заснована врз пресуда донесена во кривична или граѓанска работа, а таа пресуда подоцна е укината со друга правосилна судска одлука;

4) ако исправата врз која се заснова одлуката е лажна или лажно преиначена, или ако сведокот, вештакот или странката при сослушувањето пред судот дал лажен исказ, а одлуката на судот се заснова врз тој исказ;

5) ако странката најде или стекне можност да ја употреби поранешната одлука донесена во истиот управен спор;

6) ако на заинтересираното лице не му била дадена можност да учествува во управниот спор и

7) по одлука на Европскиот суд за човекови права.

Поради околностите од ставот 1 точки 1 и 5 на овој член, повторување ќе се дозволи само ако странката без своја вина не била во состојба да ги изнесе тие околности во поранешната постапка.

Член 44

Повторување на постапката може да се бара најдоцна во рок од 30 дена од денот кога странката дознала за причината за повторување. Ако странката дознала за причината за повторувањето пред да биде окончана постапката во судот, но таа причина не можела да ја употреби во текот на постапката, повторување може да се бара во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката.

По истекот на пет години од правосилноста на одлуката, повторување не може да се бара.

Член 45

По тужбата за повторување на постапката решава судот што ја донел одлуката на која се однесува причината за повторување.

Член 46

Тужбата за повторување на постапката се поднесува до судот што е надлежен за решавање (член 45).

Во тужбата мора да се наведе особено:

1) пресудата или решението донесено во постапката чие повторување се бара;

2) законскиот основ за повторување (член 43) и доказите, односно околностите што го прават веројатно постоењето на тој основ;

3) околностите од кои произлегува дека тужбата е поднесена во законскиот рок и со што се докажува тоа и

4) во кој правец и во кој обем се предлага измена на пресудата, односно на решението донесено во постапката чие повторување се бара.

Член 47

За тужбата за повторување судот решава на нејавна седница.

Судот ќе ја отфрли тужбата со решение, ако утврди дека тужбата ја поднело неовластено лице, или дека тужбата не е навремена или дека странката не го направила веројатно постоењето на законскиот основ за повторување.

Ако судот не ја отфрли тужбата според ставот 2 на овој член, ќе ја достави до спротивната странка и до заинтересираните лица и ќе ги повика во рок од 15 дена да одговорат на тужбата.

Член 48

По истекот на рокот за одговор на тужбата (член 47 став 3), судот со пресуда решава за тужбата за повторување на постапката.

Ако се дозволи повторување, ќе се стави вон сила поранешната одлука во целост или делумно.

Поранешните процесни дејствија врз кои не влијаат причините за повторување нема да се повторуваат.

Со пресуда со која се дозволува повторување ќе се реши и за главната работа.

Член 49

Против одлуката на судот донесена по тужбата за повторување на постапката, може да се поднесе барање за заштита на законитоста.

Член 50

Во постапката за повторување се применуваат одредбите од овој закон за постапката по тужба и за правните средства, доколку од членовите 43 до 49 на овој закон поинаку не е определено.

Член 51

Доколку овој закон не содржи одредби за постапката во управните спорови, соодветно ќе се применуваат одредбите на Законот за парничната постапка.

## VII. ЗАДОЛЖИТЕЛНОСТ НА ПРЕСУДИТЕ

Член 52

Кога судот ќе поништи акт против кој бил поведен управен спор, предметот се враќа во состојба во која се наоѓал пред да е донесен поништениот акт. Ако според природата на работата што била предмет на спорот, место поништениот управен акт треба да се донесе друг, надлежниот орган е должен да го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на доставувањето на пресудата. Надлежниот орган притоа е врзан со правното мислење на судот, како и со забелешките на судот во однос на постапката.

Член 53

Ако надлежниот орган по поништувањето на управниот акт не донесе веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена нов управен акт, или акт за извршување на пресудата донесена врз основа на членот 40 став 5 од овој закон, странката може со посебен поднесок да бара донесување на таков акт. Ако надлежниот орган не донесе акт ни за седум дена од ова барање, странката може да бара донесување на таков акт од судот што ја донел пресудата.

По барањето од ставот 1 на овој член, судот ќе побара од надлежниот орган известување за причините поради кои не го донел управниот акт. Надлежниот орган е должен да го даде ова известување веднаш, а најдоцна во рок од седум дена. Ако тој не го изврши тоа или ако даденото известување според мислењето на судот не го оправдува неизвршувањето на судската пресуда, судот ќе донесе решение што во сé го заменува актот на надлежниот орган, ако природата на работата тоа го дозволува. Судот ова решение ќе го достави до органот надлежен за извршување и за тоа истовремено ќе го извести органот што врши надзор. Органот надлежен за извршување е должен без одлагање да го изврши ваквото решение.

Член 54

Кога во управен спор е донесена пресуда, а надлежниот орган донел управен акт за извршување на таа пресуда, па кај надлежниот орган се бара обнова на управната постапка по тој управен акт, обнова може да се дозволи ако причината за обнова настанала кај органот што го донел актот.

## VIII. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 55

За барањето за заштита на слободите и правата загарантирани со Уставот, ако таква слобода и право е повредено со конечен поединечен акт, а не е обезбедена друга судска заштита, одлучува судот надлежен за управните спорови, во согласност со овој закон.

Член 56

Ако слободите и правата загарантирани со Уставот се повредени со дејствие на службено лице во орган на државната управа, односно на одговорно лице во претпријатие, установа или во друга организација или заедница, со кое спротивно на закон непосредно му се спречува или ограничува на поединец, организација или заедница, остварување на слобода или право, заштитата се обезбедува во постапката утврдена во членовите од 57 до 64 на овој закон, доколку не е обезбедена друга судска заштита.

Член 57

Во предлогот за заштита поради незаконско дејствие ќе се наведе дејствието, местото и времето кога е сторено, органот, организацијата, односно заедницата или службеното лице кое го сторило тоа, докази за тоа, како и барање да се отстрани пречката или ограничувањето за вршење на правата или обврските.

Член 58

Предлог може да се поднесе додека трае дејствието.

Ако лицето спрема кое е преземено дејствие не е во можност самото да поднесе предлог за заштита поради незаконско дејствие, предлог може да поднесе и неговиот брачен другар, децата, родителот или неговиот законски застапник или полномошник.

Член 59

По предлогот за заштита поради незаконско дејствие одлучува Управниот суд. Судот одлучува во совет составен од тројца судии.

Член 60

Управниот суд постапува по предлогот итно и на начин со кој, почитувајќи ги основните начела на постапката, се обезбедува ефикасна заштита на правата и интересите на граѓаните и организациите, односно на заедниците.

Член 61

Судот без одлагање предлогот ќе го достави на одговор до органот односно одговорното лице во зависност од тоа кој го извршил дејствието. Одговорот на предлогот се доставува во рокот што ќе го определи судот.

Судот може, според околностите на случајот, по предлогот да донесе одлука веднаш и без претходно доставување на предлогот на одговор, ако податоците во предлогот даваат за тоа сигурна основа.

Член 62

Кога судот ќе најде дека предлогот е основан, ќе донесе решение со кое ќе го забрани натамошното вршење на дејствието. Во спротивно, ќе го одбие предлогот.

Судот со решение истовремено ќе определи што е потребно за да се воспостави законската состојба, оставајќи рок за извршување и ќе определи санкции во случај на неизвршување на решението.

Член 63

Против решението од членот 62 на овој закон, е дозволена посебна жалба до Врховниот суд на Република Македонија, која се поднесува во рок од три дена од денот на доставувањето на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението, но судот може на предлог да го одложи извршувањето ако според околностите на случајот најде дека тоа е потребно.

Член 64

Заради обезбедување и извршување на решението судот, според околностите на конкретниот случај, веднаш ќе преземе што е потребно, а може за решението да го извести функционерот на органот што врши надзор, јавниот обвинител и други органи, за да можат и тие да преземаат мерки утврдени од судот.

Член 65

Ако решението не биде извршено во оставениот рок, судот ќе го изврши решението непосредно или преку друг суд или орган.

Извршувањето, според околностите на случајот, се спроведува на трошок на органот, организацијата или заедницата, односно на трошок на одговорното лице кое го извршило дејствието.

Заради извршување на решението, судот може да достави до надлежниот орган барање за отстранување од должноста на одговорното лице, а по потреба може против одговорното лице, ако тоа во определен рок не го изврши решението, да изрече парична казна до 10.000 денари, како и да определи и други мерки во согласност со правилата на извршната постапка.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 66

Постапката по тужбите за покренување на управен спор поднесени до Врховниот суд до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се спроведе на следниов начин:

- управните предмети кои до денот на влегувањето во сила на овој закон пред Врховниот суд не се решени ги презема Управниот суд.

Врховниот суд управните предмети кој ги примил по вонредни правни средства должен е да ги реши во разумен рок.

Упатство за начинот на преземањето на предметите од Врховниот суд на Република Македонија донесува министерот за правда најдоцна во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 67

Против одлука во управен спор донесена до денот на влегувањето во сила на овој закон, може да се изјави жалба според досегашните прописи, ако според тие прописи жалбата била предвидена.

Против правосилна одлука во управен спор донесена до денот на влегувањето во сила на овој закон, може да се изјават вонредни правни средства според прописите што важеле до влегувањето во сила на овој закон.

Член 68

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон, престанува да се применува и да важи Законот за управните спорови ("Службен лист на СФРЈ" број 4/77 и 36/77 и "Службен весник на Република Македонија" број 44/2002).

Член 69

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува по една година од денот на неговото влегување во сила.

# L I G J
# PËR KONTESTET ADMINISTRATIVE

## I. DISPOZITAT THEMELORE

Neni 1

Për shkak të sigurimit të mbrojtjes gjyqësore të së drejtave dhe interesave juridike të personave fizikë e juridikë dhe për shkak të sigurimit të ligjshmërisë, Gjyqi Administrativ (në tekstin e mëtejmë: gjyqi) në kontestet administrative vendos për ligjshmërinë e akteve të organeve të administratës shtetërore, Qeverisë, organeve të tjera shtetërore, komunave dhe Qytetit të Shkupit, organizatave të përcaktuara me ligj dhe të personave juridikë e të tjerë në kryerjen e autorizimeve publike (bartës të autorizimeve publike), kur vendosin për të drejtat dhe obligimet në punë të veçanta administrative, si dhe për aktet e miratuara në procedurën për kundërvajtje.

Neni 2

Në kontestin administrativ gjyqi vendos për ligjshmërinë e akteve të veçanta të miratuara në procedurën zgjedhore dhe të akteve të veçanta për zgjedhjet, emërimet dhe shkarkimet e bartësve të funksioneve publike nëse kjo është përcaktuar me ligj, si dhe për aktet e emërimit, caktimit dhe shkarkimit të nëpunësve udhëheqës shtetërorë, nëse ndryshe nuk është përcaktuar me ligj.

Në kontestin administrativ gjyqi vendos për ligjshmërinë e akteve të organeve shtetërore, Qeverisë dhe të bartësve të autorizimeve publike, të miratuara në formë dispozite nëse ato i rregullojnë raportet e veçanta.

Në kontestin administrativ gjyqi zgjidh dhe merr vendim për kontestin që do të dalë nga realizimi dhe zbatimi i dispozitave të marrëveshjeve me koncesion, marrëveshjeve për furnizime publike që janë me interes publik, dhe për çdo marrëveshje në të cilën njëra nga palët është organ shtetëror, organizatë me autorizime publike, ndërmarrje publike, komunat ose Qyteti i Shkupit, e lidhur me interes publik ose për shkak të kryerjes së shërbimit publik (në tekstin e mëtejmë: marrëveshje administrative).

Në kontestin administrativ gjyqi vendos edhe kundër akteve të veçanta të organeve të administratës shtetërore, Qeverisë, organeve të tjera shtetërore, komunave dhe Qytetit të Shkupit, organizatave të përcaktuara me ligj dhe të personave juridikë e të tjerë në kryerjen e autorizimeve publike (bartës të autorizimeve publike), kur për vendosjen në shkallën e dytë kundër aktit të atillë, nuk është siguruar mbrojtje tjetër juridike.

Në kontestin administrativ gjyqi vendos për konfliktin e kompetencave ndërmjet organeve të Republikës, komunave dhe Qytetit të Shkupit, ndërmjet komunave dhe Qytetit të Shkupit, dhe për kontestet e ndodhura për konfliktin e interesave ndërmjet komunave dhe Qytetit të Shkupit dhe bartësve të autorizimeve publike, nëse kjo është paraparë me ligj, nëse me Kushtetutën ose ligjet nuk është paraparë mbrojtje tjetër gjyqësore.

Kur në kontestin administrativ kontestohen aktet nga ky nen, në procedurë zbatohen dispozitat e këtij ligji, nëse me ligj tjetër nuk është paraparë ndryshe.

Neni 3

Të drejtë për ngritjen e kontestit administrativ ka personi fizik ose juridik, nëse konsideron se me aktin administrativ i është cenuar ndonjë e drejtë ose interes i drejtpërdrejtë i bazuar në ligj.

Organi shtetëror, filial ose njësi tjetër afariste e shoqërisë tregtare, vendbanim e ngjashëm ose një grup personash, edhe pse nuk kanë cilësinë e personit juridik, mund të ngrenë kontest administrativ, nëse mund të bëhen bartës të së drejtave dhe obligimeve për të cilat është vendosur në kontestin administrativ.

Kur organi i komunave dhe Qytetit të Shkupit, ose i organizatës vendos në shkallën e parë në punën administrative me kompetencë burimore dhe të deleguar,

ndërsa për ankesën kundër aktit të atillë ka vendosur organi kompetent i përcaktuar me ligj, kontest administrativ kundër aktit të shkallës së dytë mund të ngrejë edhe komuna dhe Qyteti i Shkupit, përkatësisht organizata organi i së cilës ka vendosur në shkallën e parë, nëse konsideron se me aktin e shkallës së dytë është cenuar e drejta e vetadministrimit lokal, përkatësisht e drejta e administrimit.

Kontest administrativ mund të ngrejë Avokati Publik i Republikës së Maqedonisë, nëse me aktin administrativ ose me marrëveshje administrative është cenuar ligji ose interesi publik, përkatësisht institucioni që e përfaqëson sipas ligjit.

Paditës në kontestin administrativ mund të jetë edhe organizata sindikale, nëse vlerëson se anëtarit të saj me aktin administrativ i është cenuar e drejta ose interesi i drejtpërdrejtë i bazuar në ligj.

Nëse individit që është anëtar në ndonjë shoqatë e cila sipas rregullave të saj ka për detyrë të mbrojë të drejta dhe interesa të caktuara të anëtarëve të saj, ndërsa me aktin administrativ i është cenuar ndonjë e drejtë ose interes, shoqata me pajtimin e anëtarit dhe në emër të saj, mund të paraqesë padi dhe të udhëheqë kontest administrativ kundër aktit administrativ të atillë.

Shoqata nga paragrafi paraprak i këtij neni, në çdo fazë të procedurës, me të drejtat e ndërmjetësit dytësor, mund të marrë pjesë në kontestin e ngritur në anën e individit dhe në dobi të tij t'i ndërmarrë të gjitha veprimet dhe t'i përdorë të gjitha mjetet juridike, nëse kjo nuk është në kundërshtim me deklaratat dhe veprimet e vetë palës.

Neni 4

Kontestet administrative në Republikën e Maqedonisë i zgjidhin:

Gjyqi Administrativ, si gjyq i shkallës së parë, dhe

Gjyqi Suprem i Republikës së Maqedonisë, vendos sipas mjeteve juridike të jashtëzakonshme.

Neni 5

Aktgjykimet e gjyqeve të marra në kontestet administrative janë të detyrueshme dhe përmbaruese.

Neni 6

Me organ, sipas këtij ligji, nënkuptohen organet e administratës shtetërore, Qeveria e Republikës së Maqedonisë, organet e tjera shtetërore, organizatat administrative, komunat dhe Qyteti i Shkupit, ndërmarrjet publike, shoqëritë tregtare, fondet, institucionet, organizatat dhe bashkësitë, shoqatat e qytetarëve dhe organizatat e bashkësitë e tjera, kur në kryerjen e autorizimeve publike vendosin në punët administrative.

Neni 7

Akt administrativ, sipas këtij ligji, është akti me të cilin organet nga neni 6 i këtij ligji vendosin për ndonjë të drejtë ose obligim të personit juridik ose fizik, përkatësisht personit tjetër që mund të jetë palë në një punë të caktuar administrative, si dhe aktet e miratuara në procedurën për kundërvajtje.

## II. KONTESTI ADMINISTRATIV

Neni 8

Kontesti administrativ mund të mbahet kundër aktit administrativ të miratuar në shkallën e dytë (akti përfundimtar administrativ).

Kontesti administrativ mund të ngrihet edhe kundër aktit administrativ të shkallës së parë, kundër të cilit nuk ka vend për ankesë në procedurën administrative.

Kontesti administrativ mund të ngrihet edhe nëse organi kompetent sipas kërkesës, përkatësisht sipas ankesës së palës nuk ka nxjerrë aktin përkatës administrativ, sipas kushteve të parapara me këtë ligj.

Kontesti administrativ mund të ngrihet edhe për cenimin e dispozitave nga marrëveshjet administrative, sipas dispozitave të këtij ligji.

Neni 9

Kontesti administrativ nuk mund të ngrihet:

(3) Протерувањето од ставот (1) на овој член не може да се изрече на сторителот што ужива заштита во согласност со ратификуван меѓународен договор.

**Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани (лица со болести на зависности)**

Член 24

(1) На сторител на прекршок поради зависност од постојана употреба на алкохолни пијалаци, дроги и други психотропни супстанции кога постои опасност поради оваа зависност и натаму да врши прекршоци, судот може да му изрече задолжително лекување на алкохоличари и наркомани (лица со болести на зависности) амбулантно или во специјализирана установа.

(2) Ако сторителот без оправдана причина не се подложи на задолжително амбулантно лекување на слобода или лекувањето го напушти самоволно, судот може да определи санкција на задолжително лекување на алкохоличари и наркомани која присилно се извршува во специјализирана установа.

(3) Присилното лекување во специјализирана установа може да трае најдолго две години.

**Општи правила за одмерување на санкцијата**

Член 25

(1) На сторителот на прекршок му се одмерува санкција во границите што со закон се пропишани за сторен прекршок, имајќи ги предвид прекршочната одговорност на сторителот и тежината на прекршокот.

(2) При одмерувањето на санкцијата се имаат предвид сите околности што влијаат санкцијата да биде полесна или потешка (олеснителни и отежнителни околности), а особено: степенот на одговорност на сторителот за прекршок, побудите од кои е сторен прекршокот, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои прекршокот бил сторен, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по прекршокот, особено дали ја надоместил штетата.

(3) При одмерувањето на глобата се има предвид имотната состојба на сторителот, висината на неговата плата, другите негови примања, неговиот имот и неговите семејни обврски, кај прекршоците од областа на даноците и царините и сразмерноста на висината на неплатените давачки на кои е обврзан со закон.

(4) Санкциите изречени за претходно сторен прекршок не може да се сметаат за отежнителна околност, ако од денот на правосилноста на одлуката за прекршок до сторување на новиот прекршок поминале повеќе од две години.

(5) При одмерување на глобата на правно лице и трговец поединец се има предвид и стопанската моќ и претходно изречените санкции.

**Стек**

Член 26

(1) Ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди санкцијата за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена санкција сите така утврдени санкции.

(2) Ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба , која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со овој закон.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член се применуваат и во случај кога на сторителот му е условно одложено плаќањето на глобата врз основа на членот 17 од овој закон.

**Продолжен прекршок**

Член 27

(1) На сторителот кој искористувајќи ист траен однос, исти прилики или други слични околности, со умисла ќе изврши две или повеќе временски поврзани дејствија што претставуваат повеќекратно остварување на ист прекршок, ќе му се изрече единствена санкција во границите на санкцијата пропишана за тој прекршок.

(2) На сторителот кој под условите од ставот (1) на овој член ќе изврши две или повеќе временски поврзани дејствија што претставуваат остварување на истородни прекршоци, ќе му се изрече санкција во границите на санкцијата пропишана за најтешкиот прекршок.

**Ослободување од санкција**

Член 28

(1) Судот, односно прекршочниот орган може да го ослободи од санкција сторителот на прекршокот само кога тоа законот изречно го предвидува.

(2) Кога судот, односно прекршочниот орган е овластен сторителот на прекршокот да го ослободи од санкција, може да му ја ублажи санкцијата без ограничувањата пропишани за ублажување на санкцијата или само санкцијата забрана на управување со моторно возило или протерување странец од земјата.

**Посебна основа за ослободување од санкција**

Член 29

Судот, односно прекршочниот орган може да го ослободи од санкција сторителот на прекршокот сторен од небрежност кога последиците на прекршокот сторителот го погодуваат така тешко што изрекувањето на санкцијата во таков случај не би одговарало на целта на казнувањето.

**Ослободување поради отстранување на штетните последици на прекршокот**

Член 30

За прекршокот за кој е пропишана санкција, извршен под особено олеснувачки околности, ако за тоа постои согласност и на оштетениот судот, односно прекршочниот орган може да го ослободи од санкција сторителот кој до завршувањето на прекршочната постапка ќе ја врати одземената корист на оштетениот, ќе ја надомести штетата, или на друг начин ќе ги надомести или поправи штетните последици на прекршокот.

**Ублажување на глобата**

Член 31

Кога прекршокот е сторен под особено олеснувачки околности, а со закон е пропишана минимум глоба, глобата може да се ублажи до општиот законски минимум.

**Глава четврта**

ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

**Исклучување на прекршочни санкции спрема малолетни лица**

Член 32

Спрема малолетник кој во времето на извршувањето на прекршокот не наполнил 14 години (дете) не може да се применат прекршочни санкции.

**Изрекување на прекршочни санкции спрема малолетници**

Член 33

(1) На малолетник кој во времето на извршувањето на прекршокот наполнил 14, а не наполнил 16 години (помлад малолетник) може да му се изречат само воспитни мерки.

(2) На малолетник кој во времето на извршувањето на прекршокот наполнил 16, а не наполнил 18 години (постар малолетник), може да му се изрече воспитна мерка, а по исклучок глоба.

**Глава петта**

ВОСПИТНИ МЕРКИ

**Видови воспитни мерки на малолетни сторители на прекршоци**

Член 34

(1) На малолетни сторители на прекршоци може да им се изречат следниве воспитни мерки:

- дисциплински мерки укор или упатување во дисциплински центар за малолетници и
- мерки на засилен надзор од страна на родителите, посвоителот или старателот, во друго семејство или од страна на социјален орган.

(2) Дисциплински мерки се изрекуваат спрема малолетник кога не постои потреба од потрајни мерки на воспитување, а особено ако сторил прекршок од непромисленост или лекомисленост.

(3) Мерки на засилен надзор се изрекуваат спрема малолетник кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од дотогашната средина.

(4) Кон мерката засилен надзор судот може да определи една или повеќе посебни обврски:

1) да му се извини лично на оштетеното лице;
2) да ја поправи или надомести штетата предизвикана со прекршокот;
3) редовно да го посетува училиштето;
4) да не изостанува од работното место;
5) да се оспособи за работа што одговара на неговите способности и физичка сила;
6) да прифати работа;
7) забрана на употреба алкохолни пијалаци, дрога и други психотропни супстанции;
8) да се воздржи од посетување на одредени локали, односно одредени приредби;
9) да посетува соодветна здравствена установа или советувалиште;
10) да не контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност;
11) да се подложи на психофизичко лекување;
12) да се подложи, остручи и преквалификува заради задржување на работното место што го зазема или за создавање претпоставки за вработување и
13) да овозможи увид и да прифати совети во врска со распоредувањето и трошењето на платата и другите приходи што ги остварува.

**Глоба**

Член 35

(1) На постар малолетник, по исклучок може да му се изрече глоба во случај ако во времето на извршувањето на прекршокот, со оглед на неговата душевна развиеност, можел да го разбере значењето на прекршокот, ако постојат други услови за одговорност за прекршок според одредбите на овој закон и ако има сопствен имот или приходи.

(2) На постар малолетник судот може да му изрече глоба само поради потешки последици на прекршокот или повисок степен на одговорност за прекршок, ако не било основано да се примени воспитна мерка.

(3) Ако постариот малолетник не ја плати изречената глоба, таа присилно ќе се изврши согласно со одредбите на Законот за извршување.

**Изрекување воспитни мерки на полнолетни сторители на прекршок кои ги извршиле како малолетници**

Член 36

(1) Воспитна мерка, освен мерката засилен надзор, може да се изрече и на полнолетен сторител до 21 година за прекршок што го извршил како малолетник, ако со оглед на природата на прекршокот, неговите лични својства и други околности тоа би било целисходно.

(2) Ако малолетникот за време на постапката стане полнолетен, прекршочната постапка ќе се запре, ако не би било целисходно да се изрече воспитна мерка или глоба на постар малолетник.

**Изрекување на санкција за прекршок во стек**

Член 37

Ако малолетникот извршил повеќе прекршоци во стек, судот ќе одлучи единствено за сите прекршоци и ќе изрече единствена санкција.

**Глава шеста**

ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ НА ПРАВНО ЛИЦЕ

**Видови прекршочни санкции на правни лица**

Член 38

(1) За прекршоци на правни лица може да се изречат следниве санкции:

1) глоба и

2) привремена забрана за вршење одделна дејност.

(2) Глобата се изрекува во износ кој не може да биде помал од 200 евра во денарска противвредност, ниту поголем од 5.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот на оваа санкција или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до дваесеткратен износ од ставот (2) на овој член.

(4) Со законот со кој се пропишува прекршокот може да се пропише и повисока глоба од определената во ставовите (2) и (3) на овој член.

(5) Со законот со кој се пропишува прекршокот за изрекување глоба на самото место може да се пропише износ кој не може да биде поголем од 1.000 евра во денарска противвредност.

(6) Во одлуката со која на правното лице се изрекува санкција привремена забрана на вршење одделна дејност, се наведува дејноста чие вршење му се забранува на правното лице.

(7) Санкцијата привремена забрана на вршење одделна дејност на правно лице, може да се изрече ако постои опасност со вршењето на таква дејност правното лице да изврши повторно прекршок опасен за животот или здравјето на луѓето или прекршок со кој може да се нанесе имотна штета на друго правно лице или на граѓани, или ако на правното лице во последните две години му е изречена прекршочна санкција поради ист или сличен прекршок.

(8) Со законот со кој се пропишува прекршокот, може да се пропише задолжително изрекување на санкција забрана на вршење одделна дејност на правно лице.

(9) Судот го определува траењето на санкцијата од ставот (6) на овој член кое не може да биде пократко од шест месеца ниту подолго од пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

(10) Прекршочниот орган санкцијата од ставот (6) на овој член може да ја изрече во траење од најмалку три дена до најмногу 30 дена.

(11) Санкцијата привремена забрана за вршење на дејност не може да се изрече на правно лице основано со закон или политичка партија.

**Одмерување на санкцијата**

Член 39

(1) При одмерување на санкцијата ќе се земе предвид билансот на состојбите и билансот на успехот на правното лице, висината на причинетата штета или прибавената корист, видот на дејноста и природата и тежината на извршениот прекршок.

(2) Ако судот, односно прекршочниот орган утврди глоба за два или повеќе прекршоци во стек, единствената глоба претставува збир на поединечно утврдените глоби, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана за правното лице.

**Извршување на глобата**

Член 40

(1) Ако осуденото правно лице не ја плати глобата во определениот рок, кој не може да биде пократок од осум дена ниту подолг од 30 дена, ќе се спроведе присилно извршување.

(2) Ако глобата не може да се изврши од имотот на правното лице, поради тоа што правното лице нема таков имот или престанало да постои пред извршување на санкцијата, санкцијата ќе се изврши од имотот на основачот или основачите на правното лице, сразмерно на вложените удели, односно кај трговското друштво од имотот на акционерите, односно содружниците сразмерно на нивните удели.

(3) Глобата на странски правни лица се извршува од имотот конфискуван во Република Македонија или, со примена на меѓународен договор, од имотот во странство.

**Глава седма**

ПОСЕБНИ ПРЕКРШОЧНИ МЕРКИ

**Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети**

Член 41

(1) За конфискуван имот и имотна корист прибавена со прекршок на физичко лице соодветно се применуваат одредбите за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети од членовите 97 до 100-а на Кривичниот законик.

(2) За конфискуван имот и имотна корист прибавена со прекршок на правно лице соодветно се применува одредбата за видови казни на правно лице од членот 96-а на Кривичниот законик.

(3) За одземање предмети соодветно се применува одредбата од услови за одземање на предмети од членот 100-а на Кривичниот законик.

(4) Прекршочен орган од посебните прекршочни мерки може да примени само мерка одземање на предмети.

(5) Доколку прекршочниот орган смета дека за одреден прекршок треба да се изречат мерките конфискација на имот и имотна корист ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред суд.

**Глава осма**

ЗАСТАРЕНОСТ

**Застареност на поведување и водење на прекршочната постапка**

Член 42

(1) Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако помине една година од денот кога е сторен прекршокот.

(2) Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

(3) Застарувањето не тече за времето за кое според законот гонење не може да започне или да продолжи.

(4) Застарувањето се прекинува со секое процесно дејствие што се презема заради гонење на сторителот на прекршокот.

(5) Застарувањето се прекинува и кога сторителот во времето додека тече рокот на застареноста стори, исто така, тежок или потежок прекршок.

(6) По секој прекин застарувањето започнува повторно да тече.

(7) Застареност на прекршочното гонење настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што според закон се бара за застареност на прекршочното гонење.

(8) Со закон со кој се пропишува прекршок, може за одделни прекршоци да се определат рокови на застареност подолги од роковите од ставот (1) на овој член, но не подолги од пет години.

**Застареност на извршувањето на прекршочните санкции**

Член 43

(1) Изречената прекршочна санкција не може да се изврши ако од денот на правосилноста на одлуката за прекршокот помине една година.

(2) Застарувањето на извршување на прекршочната санкција започнува да тече од денот кога одлуката за прекршокот станала правосилна.

(3) Застарувањето не тече за времето за кое извршувањето не може да се преземе според закон.

(4) Застарувањето се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган што се презема заради извршување на прекршочната санкција.

(5) По секој прекин застарувањето почнува повторно да тече.

(6) Застареност на прекршочната санкција настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што според закон се бара за застареност на извршувањето.

(7) Со закон со кој се пропишува прекршокот, може за одделни санкции да се определат рокови на застареност на извршување подолги од роковите од ставот (1) на овој член, но не подолги од две години.

(8) Рокот на застареност согласно со членовите 16 и 17 од овој закон почнува да тече откога истекол рокот од последната рата, односно рокот на одлагањето.

**Глава деветта**

ЗНАЧЕЊЕ НА ИЗРАЗИТЕ НА ОВОЈ ЗАКОН

Член 44

(1) Поимот прекршок ги опфаќа и делата што во одделни закони се предвидени како стопански престап.

(2) Поимот физичко лице опфаќа и одговорно лице во правно лице, трговец-поединец, службено лице, воено лице и лице што самостојно врши дејност.

(3) Поимот правно лице не ги опфаќа Република Македонија, државните органи и органите на единиците на локалната самоуправа.

(4) Како одговорно се смета лице во правно лице на кое со оглед на неговата функција или врз посебно овластување во правното лице му е доверен определен круг на работи што се однесуваат на извршување на законските прописи или на прописите донесени врз основа на закон или општ акт на правното лице во управувањето, користењето и располагањето со имот, раководењето со производниот или некој друг стопански процес или надзорот над нив.

(5) Како службено лице се смета:

а) избран или именуван функционер во Собранието на Република Македонија, во Владата, во органите на државната управа, во судовите и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во локалната самоуправа, како и лица кои постојано или повремено вршат службена должност во овие органи и организации;

б) овластено лице во правно лице на кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон му е доверено вршење на јавни овластувања, кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања;

в) лице кое врши определени службени должности врз основа на овластување дадено со закон или со други прописи донесени врз основа на закон;

г) воено лице кога се во прашање прекршоци кај кои како извршител е означено службено лице и

д) државен службеник кој врши стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни и управни работи во согласност со Уставот и со закон.

(6) Под поимот воено лице се сметаат: воени старешини - офицери и подофицери, војници на служење на воениот рок, питомци на Воената академија, лица на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери, воени обврзници во резервниот состав на Армијата на Република Македонија додека се повикани да извршуваат права и должности од областа на одбраната во врска со извршување на воената обврска и цивилни лица на служба во Армијата на Република Македонија.

(7) Како лице кое самостојно врши дејност се смета лицето кое врши дејност врз основа на пропишани дозволи или одобренија.

(8) Под поимот глоба се смета денарската противвредност на износот на еврото во времето на изрекувањето на глобата пресметана во денарска противвредност без децимали.

(9) Под поимот полесен прекршок се смета прекршок за кој може да се изрече глоба до 500 евра во денарска противвредност.

(10) Под поимот оштетен се смета лице чие право е повредено или загрозено со прекршок.

**Глава десетта**

ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

**Водење на евиденција на прекршочни санкции**

Член 45

(1) Евиденцијата на прекршочни санкции се води само за изречени санкции што се состојат во забрани, и тоа: забрана на управување со моторно возило и забрана на вршење професија, дејност или должност, протерување странец од земјата и привремена забрана за вршење одделна дејност.

(2) Евиденцијата на прекршочните санкции ја води првостепениот суд според местото на раѓање на сторителот на прекршокот, односно седиштето на правното лице.

(3) За лицата родени во странство или за оние чие место на раѓање е непознато, како и за странските правни лица, казнената евиденција ја води судот определен со закон.

(4) Податоци од евиденцијата на прекршочните санкции, судот дава само по образложено барање од други државни органи, правни или физички лица кои имаат правен интерес ако сеѐ уште траат мерките на забрана.

(5) По истекот на времето за кое се изречени санкциите се бришат од евиденцијата на прекршочните санкции.

**Дел втори**

ПОСТАПКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ И ПОСРЕДУВАЊЕ

**Глава единаесетта**

**Цел на постапката за порамнување и посредување**

Член 46

(1) Целта на постапката за порамнување и посредување е постигнување на согласност на сторителите на прекршоци и надлежните органи за отстранување на штетните последици на сторениот прекршок и спречување на повторно вршење на прекршоци и поради тоа избегнување на водење прекршочна постапка пред надлежниот суд, односно прекршочен орган.

(2) Надлежните државни органи овластени за поведување на прекршочна постапка се должни да му предложат на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

(3) Судот, односно прекршочниот орган по службена должност внимава дали е поведена постапка за порамнување и ако се исполнети условите од ставот (1) на овој член, судот може да го врати барањето на органот или самиот да ја спроведе постапката за порамнување.

**Дејствија во постапката за порамнување**

Член 47

(1) Кога овластениот орган за поведување на прекршочна постапка ќе констатира прекршок составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластено службено лице и сторителот.

(2) Доколку во постапката на сторителот му бил даден платен налог, тоа ќе се забележи во записникот.

**Мандатна постапка**

Член 48

(1) Кога службеното лице ќе утврди дека е сторен прекршок, на сторителот на прекршокот ќе му врачи покана за плаќање на глоба, во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.

(2) Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од ставот (1) на овој член, службеното лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, односно прекршочен орган.

**Платен налог**

Член 49

(1) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар или ако овластеното службено лице прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, службеното лице веднаш ќе издаде платен налог.

(2) Платниот налог за прекршок содржи: лично име и адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, податоци за вработување на сторителот, за правното лице, назив и седиште и даночен број, место и време на сторување на прекршокот, правна квалификација на прекршокот, износ на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука, а може и други податоци во согласност со прописите.

(3) Се смета дека сторителот на прекршокот со потписот на приемот на платниот налог се согласува да ја плати глобата.

(4) Сторителот е должен да ја плати глобата утврдена според овој член во рок од осум дена од приемот на платниот налог на сметката на органот означен во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во тој рок, ќе плати само половина од изречената глоба. Поуката за тоа право е дел од правната поука на платниот налог.

(5) Во постапката која ќе заврши со издавање на платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

(6) Сторителот кој со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата. За платената глоба се издава потврда.

(7) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (4) на овој член, службеното лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

(8) Органот надлежен за покренување на прекршочна постапка во случајот од ставот (1) на овој член може привремено да ги одземе патната и возачката исправа додека не биде доставен доказ дека глобата е платена, но најдолго 30 дена.

**Негативни бодови**

Член 50

(1) Во сообраќајните и други прекршоци за кои со закон е предвидено овластување на надлежниот орган во случај на сторување на прекршок да ги регистрира негативните бодови определени со закон, надлежниот орган најпрво е овластен да му предложи на сторителот на прекршокот да ја плати предвидената глоба или да ги регистрира негативните бодови во соодветна исправа определена со закон.

(2) Ако сторителот не ја плати предвидената глоба за прекршокот во определен рок, негативните бодови се регистрираат во исправите определени со закон.

(3) Надлежниот орган ќе го повика сторителот на прекршокот да ја донесе исправата за регистрирање на негативните бодови во рок од 30 дена на адресата што е запишана во таа исправа, а ако во тој рок не ја донесе, се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

(4) Во прекршочна постапка може да се изрече глоба зголемена најмалку за една половина од глобата што во одреден износ е пропишана за тој прекршок, до трократниот износ на така пропишаната санкција, но не поголем од општиот максимум на глобата пропишана во овој закон.

**Постапка на посредување**

Член 51

(1) За одделни прекршоци кога е тоа определено со закон, органот што е надлежен за поведување на постапка, ќе му предложи на сторителот на прекршокот постапка на посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците на прекршокот. Службеното лице составува записник во кој се констатира согласноста на двете страни на кои се потпишува и сторителот на прекршокот.

(2) Записникот во рок од три дена службеното лице го доставува до комисијата за посредување.

(3) Постапката на посредување е итна.

(4) Постапката на посредување ја води посебна комисија за посредување во рамките на надлежниот орган врз основа на записник и трошковник.

(5) Ако постапката на посредување успее во рок од осум дена, се склучува спогодба со сторителот на прекршокот, при што покрај другите елементи на спогодбата глобата може да биде намалена за една половина. Ако постапката на посредување не успее, надлежниот орган поднесува барање за поведување прекршочна постапка, во кое сторителот на прекршокот ќе ги наведе трошоците на постапката за посредување.

**Постапка на посредување со малолетни сторители на прекршоци**

Член 52

(1) Ако сторителот на прекршокот е малолетник, органот надлежен за покренување на постапката ќе ги оцени сите околности што влијаеле на сторување на прекршокот и може да не покрене постапка.

(2) Надлежниот орган може усно да го опомене малолетникот во присуство на родител, односно старател и да го извести Центарот за социјални работи.

(3) Надлежниот орган за покренување на постапка може да се договори со семејството на малолетникот за отстранување на последиците од прекршокот во определен рок, кој не може да биде подолг од 30 дена, а спротивно ќе биде покрената прекршочна постапка.

(4) Прекршочната постапка не се поведува ако родителите, односно старателите на малолетникот се согласни да ја платат глобата.

(5) За постапката за посредување се составува записник, кој се доставува до Центарот за социјални работи.

## Дел трети

## ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

### Глава дванаесетта

### ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Надлежност за прекршок**

Член 53

(1) Прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече само надлежен суд.

(2) За одделни прекршоци определени со закон прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања на надзор над спроведување на законите со кои се пропишани прекршоците.

(3) Против конечна одлука за прекршок донесена од органите од ставот (2) на овој член се гарантира судска заштита.

(4) Сите државни органи и носителите на јавни овластувања се должни на судот и органите од ставот (2) на овој член да им даваат бесплатно потребна помош и податоци потребни за утврдување на факти во врска со постапката и извршување на санкциите.

**Надлежност на прекршочен орган**

Член 54

(1) Прекршочен орган води прекршочна постапка кога со закон е пропишана исклучива надлежност за негово постапување.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член прекршочниот орган е надлежен да постапува по сите прекршоци:

- за кои е пропишана санкција глоба во точно одреден износ,
- за кои е пропишана санкција за физичко лице глоба до 500 евра во денарска противвредност,
- за кои е пропишана санкција за правно лице глоба до 1.000 евра во денарска противвредност и
- за кои е пропишано изрекување на глоба на самото место.

**Судир на надлежност**

Член 55

За судир на надлежност меѓу судовите и прекршочните органи одлучува судот надлежен за одлучување по управен спор.

**Имунитет**

Член 56

Прекршочна постапка нема да се води против лице кое ужива дипломатски имунитет.

**Одлука**

Член 57

За прекршок и за изрекување на прекршочна санкција одлучуваат судот, односно прекршочниот орган со одлука, против која се дозволени правни средства утврдени со овој закон.

**Трошоци на постапката**

Член 58

Трошоци на постапката се издатоци кои ќе настанат во прекршочната постапка или поради неа и издатоци што ќе настанат во врска со обезбедувањето на потребни докази и чување на запленети и одземени предмети пред поведување на постапката.

### Глава тринаесетта

### ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА ПРЕД ПРЕКРШОЧЕН ОРГАН

**Овластување за водење постапка**

Член 59

(1) Постапката пред прекршочниот орган ја води комисија за одлучување по прекршок утврдена со закон или друг пропис.

(2) Членови на комисијата од ставот (1) на овој член се овластени службени лица со соодветен степен на стручна подготовка и потребно работно искуство, од кои најмалку еден од членовите е дипломиран правник со положен правосуден испит.

**Поведување на прекршочна постапка**

Член 60

(1) Прекршочниот орган поведува прекршочна постапка по службена должност, по барање од овластено службено лице или по барање од овластениот орган од членот 80 на овој закон и оштетениот (во натамошниот текст: подносител на барањето).

(2) Барањето за поведување на прекршочна постапка ги содржи податоците од членот 81 на овој закон.

(3) Барањето се поднесува до надлежниот прекршочен орган. Ако барањето било поднесено до друг орган, тој веднаш ќе го отстапи до надлежниот прекршочен орган и за тоа ќе го извести подносителот на барањето.

**Одлука по барањето за водење на прекршочна постапка**

Член 61

(1) Прекршочниот орган по утврдување на условите за поведување на постапка по службена должност, односно по приемот на барањето од членот 60 на овој закон дополнително ќе прибави известувања и докази за прекршокот.

(2) Ако прекршочниот орган утврди дека постојат законски услови за спроведување на прекршочна постапка, е должен да ја спроведе и да донесе одлука за прекршок.

(3) Ако постапката не е во надлежност на прекршочниот орган, прекршочниот орган е должен до надлежниот суд да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(4) Прекршочниот орган нема да донесе одлука за прекршок, односно нема да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, ако утврди дека се исполнети условите од членот 84 став (2) на овој закон.

(5) Одлуките од ставот (4) на овој член и причините се забележуваат во списот.

(6) Прекршочниот орган е должен во рок од 30 дена писмено да го извести подносителот на барањето за одлуката да не се донесе одлука за прекршокот, односно да не се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, како и за причините на одлуката.

**Итна постапка**

Член 62

(1) По прекршоците се одлучува во итна постапка, освен во случаите кога со закон поинаку е определено.

(2) Итна постапка не е допуштена:

- ако со прекршокот настанала телесна повреда,
- ако со прекршокот, покрај глобата е пропишана и санкција забрана на управување со моторно возило, забрана на вршење професија, дејност или должност или привремена забрана за вршење одделна дејност,
- ако е потребно да се одлучи за имотно-правно побарување и
- во други случаи утврдени со закон.

**Постапка пред прекршочен орган**

Член 63

(1) Прекршочниот орган по службена должност без одлагање ќе ги прибави доказите и ќе ја утврди фактичката состојба потребни за одлучување по прекршокот.

(2) Прекршочниот орган пред донесувањето на одлуката за прекршок, писмено ќе го извести сторителот и ќе го поучи дека во рок од три дена може писмено да се изјасни за фактите и доказите.

**Содржина на одлуката**

Член 64

(1) Одлуката за прекршок мора да има увод, диспозитив и образложение.

(2) Уводот на одлуката за прекршок го содржи називот на прекршочниот орган кој ја донел, име и презиме на членовите на комисијата од членот 59 на овој закон, име и презиме на сторителот и бранителот, име и презиме на одговорното лице во правното лице, фирма односно називот и седиштето на одговорното правно лице и прекршокот што е предмет на постапката.

(3) Диспозитивот на одлуката за прекршок мора да ги содржи личните податоци на сторителот, на одговорното лице во правното лице, податоците за одговорното правно лице, фактички опис на прекршокот, дека сторителот го сторил прекршокот, санкцијата што се изрекува или дека постапката се запира, како и предупредување дека неплатената глоба ќе се наплати по присилен пат.

(4) Во образложението на одлуката за прекршок прекршочниот орган ќе ги наведе доказите и околностите врз основа на кои ја заснова својата одлука.

(5) Одлуката за прекршок мора да има и поука за правото на судска заштита.

**Опомена**

Член 65

(1) Прекршочниот орган наместо изрекување на глоба на сторителот на полесен прекршок може да му изрече опомена, врз основа на членот 19 од овој закон.

(2) Прекршочниот орган може да води евиденција за изречените опомени.

**Соодветна примена на законот**

Член 66

Прекршочниот орган при водењето на прекршочната постапка соодветно ги применува одредбите на Законот за општата управна постапка, освен ако со овој закон и со законот со кој е пропишан прекршокот поинаку не е определено.

**Глава четиринаесетта**

СУДСКА ЗАШТИТА

**Право на поведување управен спор**

Член 67

(1) Против одлуката за прекршок што ја донел прекршочниот орган може да се поднесе тужба за поведување управен спор. Тужба може да поднесе лицето (физичко или правно) на кого му била изречена санкцијата, неговиот законски застапник, односно бранителот, оштетениот и неговиот застапник и сопственикот на одземените предмети во прекршочна постапка.

(2) Тужбата од ставот (1) на овој член го одлага извршувањето на одлуката за плаќање на глобата, освен ако изречената глоба со одлуката и трошоците на постапката вкупно не надминуваат за физичко лице 100 евра во денарска противвредност, за одговорно лице во правно лице, службено лице или за трговец поединец 500 евра во денарска противвредност и за правно лице 1.000 евра во денарска противвредност.

(3) На предлог на тужителот поднесен заедно со тужбата судот кој е надлежен да одлучува за управен спор со посебно решение ќе го задржи извршувањето на одлуката од ставот (2) на овој член до нејзината правосилност, ако подносителот на тужбата докаже дека поради извршувањето ќе настане ненадоместлива штета.

(4) Судот надлежен да одлучува за управен спор постапката на судска заштита ја води според Законот за управните спорови.

**Рок за поднесување на тужба и надлежност**

Член 68

(1) Тужбата од членот 67 на овој закон се поднесува во рок од осум дена од денот на доставувањето на одлуката за прекршок.

(2) По тужбата одлучува судот надлежен за одлучување по управен спор.

**Причини за поднесување на тужба**

Член 69

Одлуката на прекршочниот орган може да се оспорува со тужба:

- ако со одлуката била повредена материјална одредба на закон со кој е пропишан прекршокот,
- ако биле повредени одредбите на постапката, бидејќи не одлучил надлежен орган или ако одлуката ги нема сите пропишани составни елементи,
- поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, при што во тужбата може да се наведуваат нови факти и да се предлагаат нови докази само ако тужителот стори веројатно дека без своја вина не бил во можност да ги предложи во постапката,
- поради висината на изречената глоба ако настанале околности врз основа на кои може да се применат членовите 28 и 31 од овој закон и
- поради изречените санкции, одземањето на предметите и трошоците на постапката.

**Глава петнаесетта**

СУДСКА ПОСТАПКА ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Стварна надлежност**

Член 70

Прекршочната постапка во суд во прв степен ја води судија поединец во основниот суд, а постапката по правни лекови совет од тројца судии.

**Глава шеснаесетта**

ОБВИНЕТ И НЕГОВО ПРАВО НА ОДБРАНА

**Обвинет**

Член 71

(1) Обвинет е физичко или правно лице против кое се води прекршочна постапка.

(2) Ако за прекршок е обвинето правно лице и одговорно лице во правното лице се спроведува единствена постапка.

**Застапување на правно лице**

Член 72

(1) За обвинетото правно лице во прекршочната постапка учествува неговиот застапник, овластен да ги преземе сите дејствија што може да ги преземе обвинетиот согласно со овој закон.

(2) Застапник на обвинетото правно лице е лице кое е овластено да го застапува правното лице врз основа на закон или друг пропис на надлежен државен орган, статут или друг општ акт на правното лице.

(3) Кога правното лице е основано од еден основач, тогаш истото лице се смета како одговорно лице и застапник на правното лице.

(4) Надлежниот орган на обвинетото правно лице може за застапник да определи друго лице кое е вработено во тоа правно лице.

(5) Застапникот на обвинетото правно лице од ставот (4) на овој член мора да има писмено овластување од надлежниот орган што го определил за застапник.

(6) Застапник на обвинетото правно лице може да биде само едно лице.

**Застапување на странско правно лице**

Член 73

Странското правно лице го застапува раководителот на подружницата, односно на претставништвото или друго лице овластено од странското правно лице.

**Ограничување на застапувањето**

Член 74

(1) Застапник на обвинетото правно лице, освен лицето од членот 72 став (3) на овој закон не може да биде одговорното лице во правното лице против кое се води прекршочна постапка за ист прекршок.

(2) Застапник на правното лице не може да биде лице кое е сведок во истата работа.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член судот е должен да го извести правното лице заради определување на друг застапник.

(4) За странско правно лице известувањето од ставот (3) на овој член се доставува до подружницата, односно до претставништвото на странското правно лице.

## Глава седумнаесетта

## ОШТЕТЕНИОТ И НЕГОВОТО ЗАСТАПУВАЊЕ

**Оштетен и неговото застапување**

Член 75

(1) Оштетен, во смисла на овој закон, е лице чие право е повредено или загрозено со прекршокот.

(2) Оштетениот, самиот или преку свој законски застапник или полномошник, има право:

1) да поднесува барање за поведување на прекршочна постапка;

2) да поднесува докази, да поднесува предлози и да истакнува имотно-правно барање за надоместок на штета или враќање на предмети;

3) да изјавува жалба на одлуката што е донесена по повод неговото барање за поведување на прекршочната постапка или по повод одлуката за трошоците на постапката и

4) да се откаже од барањето за водење на прекршочната постапка до донесувањето на одлуката за прекршокот и во таков случај нема право повторно да поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

(3) Судот ќе го прифати барањето од оштетениот за поведување прекршочна постапка, ако е проследено со писмено барање до надлежниот орган, со докази дека го пријавил прекршокот и барал од надлежен орган да постапи по барањето и ако во рок од 30 дена од таквото барање од надлежниот орган добил негативен одговор или не добил одговор.

(4) Судот ќе го отфрли барањето од оштетениот ако не постојат услови од ставот (3) на овој член.

(5) Ако судот во постапка поведена од оштетениот утврдил дека е сторен прекршок и дека надлежниот орган неоправдано не поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, за тоа ќе го извести надлежниот орган во којшто работело службеното лице, како и Народниот правобранител.

## Глава осумнаесетта

## БРАНИТЕЛ

**Отповикување на полномошно на бранителот**

Член 76

Обвинетиот кој ќе прими уредна покана за распит, може да го отповика полномошното на својот бранител најдоцна во рок од три дена пред почетокот на рочиштето.

**Откажување на полномошно од страна на бранител**

Член 77

(1) Бранителот може да го откаже полномошното на обвинетиот најдоцна во рок од три дена пред почетокот на рочиштето, а за тоа да го извести судот или е должен да обезбеди да присуствува друг бранител на рочиштето.

(2) Ако бранителот во рокот од ставот (1) на овој член, не го извести судот дека го откажал полномошното, судот може да му изрече глоба во износ до 50.000 денари.

## Глава деветнаесетта

## ДОСТАВУВАЊЕ НА ПИСМЕНА

**Доставување на писмена на физички лица**

Член 78

(1) Кога доставувањето на писмена го врши судскиот доставувач, писменото го предава непосредно на лицето на кое му е упатено. Ако не го најде лично, остава известување на полнолетно лице затекнато во домот или на друго лице кое е согласно да го прими, дека писменото треба да го подигне во судот. Ако лицето не дојде во судот да го подигне писменото, се смета дека доставата е уредно извршена.

(2) Кога доставувањето се врши преку пошта, поштарот остава известување во домот на обвинетиот да го подигне писменото во пошта, а ако не дојде се смета дека доставата е уредно извршена.

(3) Доставувањето може да се изврши со ангажирање на друга посебна служба за доставување.

**Доставување на писмена на правни лица**

Член 79

(1) На државниот орган одлуките и другите писмена му се доставуваат со предавање во архивата на органот.

(2) Доставувањето на правните лица се врши со предавање на писменото на лицето овластено за прием на писмено или на работникот што се затекнал во деловната просторија.

(3) Кога се врши доставување на одлуки кај кои од денот на доставувањето тече рок, како ден на доставување се смета денот на предавањето во писарницата на органот, односно на лицето од ставот (2) на овој член.

(4) Поканите и другите писмена, како и одлуките се доставуваат на адресата на која е регистрирано седиштето на правното лице, односно на адресата на застапникот на правното лице. Ако во текот на прекршочната постапка правното лице го променило седиштето, е должно најдоцна во рок од три дена да го из-

вести судот за новото седиште и адреса, во спротивно ќе се смета за уредна секоја достава извршена на претходната адреса.

(5) Одлуката со која на правното лице му се изрекува санкција се доставува на застапникот на правното лице лично. Ако личната достава остане без успех, за уредна се смета доставата извршена со препорачана пошта на адресата на правното лице на која е регистрирано седиштето на правното лице или на адресата на неговиот застапник.

**Глава дваесетта**

БАРАЊЕ ЗА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

**Подносител на барањето**

Член 80

(1) Прекршочната постапка се поведува по барање од овластениот орган и оштетениот (во натамошниот текст: подносител на барањето).

(2) Овластени органи, во смисла на ставот (1) на овој член, се органите на државната управа, јавниот обвинител, органите на единиците на локалната самоуправа и други органи и организации што вршат јавни овластувања во чија надлежност спаѓа непосредното извршување или надзор над извршувањето на законите во кои се предвидени прекршоци.

(3) Овластените органи од ставот (2) на овој член се должни да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка секогаш кога постои основано сомневање дека е сторен прекршок.

(4) Барањето за поведување на прекршочна постапка се поднесува писмено, во доволен број примероци за судот и лицата против кои е поведена прекршочна постапка.

**Содржина на барањето**

Член 81

(1) Барањето за поведување на прекршочна постапка содржи:

1) основни податоци за идентитетот на сторителот (име и презиме, прекар, единствен број на граѓанинот (во натамошниот текст: ЕМБГ), место и датум на раѓање, место на живеење, улица и број, адреса на привременото престојувалиште занимање, државјанство, ако физичкото лице е странец, тогаш наместо ЕМБГ број на патната исправа), а за правното лице назив и седиште на обвинетото правно лице, жиро-сметка, даночен број и депонент банка, а за одговорното лице во правното лице и функцијата што ја врши во тоа правно лице;

2) фактички опис на прекршокот од кој произлегуваат правните обележја на прекршокот, време и место на извршувањето на прекршокот и други околности потребни што поблиску да се определи прекршокот;

3) правна квалификација на прекршокот што треба да се примени;

4) доказите што треба да се изведат и

5) потпис на подносителот на барањето.

(2) Кога барањето за поведување на прекршочната постапка го поднесува оштетениот, барањето не мора да содржи правна квалификација за прекршокот.

(3) Кон барањето за поведување на прекршочна постапка оштетениот може да поднесе и барање за надоместок на штета.

(4) Кон барањето се приложуваат доказите.

(5) Ако не е можно да се утврди идентитетот на сторителот на прекршокот во барањето наместо личните податоци ќе се наведе описот на лицето и фотографија, односно снимка и сите други податоци за утврдување на идентитетот на лицето кое се упатува за задржување во прифатен центар.

**Прекршок за кој судот ќе дознае за времетраење на постапката**

Член 82

Ако судот за времетраење на постапката дознае за прекршок за кој не било поднесено барање од овластениот орган, за ова ќе го извести органот.

**Дополнување на барање**

Член 83

Ако барањето за поведување на прекршочната постапка не ги содржи сите податоци од членот 80 на овој закон, ќе се побара од подносителот на барањето да го дополни во рок кој не може да биде подолг од 15 дена. Во случај подносителот на барањето да не ги отстранил недостатоците во определениот рок, ќе се смета дека се откажал од барањето и таквото барање ќе се отфрли.

**Отфрлање на барањето**

Член 84

(1) Ако судот утврди дека не постојат услови за поведување на прекршочната постапка барањето ќе го отфрли со решение.

(2) Не постојат услови за поведување на прекршочната постапка кога:

1) дејствието опишано во барањето не е прекршок;

2) постојат основи што ја исклучуваат одговорноста за прекршок;

3) настапила застареност за поведување на прекршочната постапка;

4) барањето го поднел неовластен подносител, односно лице;

5) постојат други законски причини поради кои прекршочната постапка не може да се поведе;

6) барањето не е поткрепено со докази за сторен прекршок и

7) барањето не ги содржи потребните податоци од членот 81 на овој закон.

(3) Решението од ставот (1) на овој член ќе се достави на подносителот на барањето, а оштетениот ќе се извести дека имотно-правното барање може да го остварува во парнична постапка.

(4) Против решението од ставот (1) на овој член подносителот на барањето има право на жалба во рок од осум дена до второстепениот суд.

**Спојување и раздвојување на постапката**

Член 85

(1) Ако обвинетиот со едно дејствие или повеќе дејствија стори повеќе прекршоци за кои не била донесена одлука, а за сите одлуки е надлежен ист суд, по правило, ќе се спроведе единствена постапка и ќе се донесе единствена одлука за прекршок. Единствена постапка, по правило, ќе се спроведе и против правно лице и одговорно лице, против обвинет, соучесник, поттикнувач и помагач, освен ако постојат законски услови постапката да се води само против еден од нив.

(2) До донесување на одлука за прекршок од оправдани причини или поради целисходност, судот може да одлучи постапката за одделни прекршоци или против одделни обвинети, соучесници, поттикнувачи или помагачи да се раздвои од единствената постапка и да се заврши посебно.

(3) За спојувањето и раздвојувањето на постапката судот ќе донесе решение против кое не е дозволена жалба.

**Поведување на прекршочна постапка**

Член 86

(1) Ако судот не донесе решение за отфрлање на барањето, судот е должен да закаже рочиште и за тоа да го извести обвинетиот.

(2) Судот заедно со поканата за испитување ќе му достави на обвинетиот предлог за постапка за порамнување и посредување според членот 46 од овој закон и платен налог.

**Одлучување по барањето**

Член 87

(1) Во поканата за испитување на обвинетиот, судот ќе му укаже на обвинетиот дека ако ја плати глобата или ако се води постапка за порамнување и посредување, ќе биде донесена одлука за запирање на постапката. Ако глобата не е фиксно определена, судот ја утврдува глобата во минимален износ утврден со закон зголемен за една десеттина.

(2) Обвинетиот е должен да достави доказ најдоцна до денот на испитувањето дека успеала постапката за порамнување, посредување или дека ја платил глобата и на записник ќе се констатира што е сторено.

(3) Против одлуката од ставот (1) на овој член, странката нема право на жалба.

**Глава дваесет и прва**

МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТИОТ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

**Видови мерки**

Член 88

Мерки што можат да се преземат спрема обвинетиот заради обезбедување присуство и за водење на прекршочната постапка се: повикување, приведување, задржување, гаранција и привремено одземање на патна исправа на странец и задржување странец во прифатен центар.

**Покана**

Член 89

(1) Присутноста на обвинетиот при сослушување во прекршочната постапка се обезбедува со покана. Поканата ја испраќа судот што ја води прекршочната постапка.

(2) Обвинетиот со поканата се известува за што е обвинет и дека е должен да се јави лично или одбраната да ја даде писмено. Обвинетиот кој е поканет да дојде лично во опомената треба да се предупреди дека ќе биде одредено приведување, ако не се јави на поканата. Ако за правилното одлучување не е нужно обвинетиот да биде сослушан, тој во поканата ќе се предупреди дека одлуката за прекршок ќе биде донесена без сослушување, ако не се јави на поканата.

(3) Заедно со поканата ќе се достави примерок од барањето за прекршочна постапка и докази.

(4) Заедно со поканата од судот му се доставува платен налог, во кој го обврзува сторителот да ја плати глобата во рок од осум дена и да достави до судот доказ за плаќањето на глобата.

(5) Сторителот ќе се поучи ако не го плати налогот дека постапката ќе продолжи пред судот.

**Приведување**

Член 90

(1) Ако уредно повиканиот обвинет не се јави на поканата и своето недоаѓање не го оправда, или ако не било можно уредно да му се достави поканата, а од околностите е очигледно дека обвинетиот одбегнува, а неговото присуство е потребно за правилно одлучување, ќе се одреди приведување. Приведувањето е можно да се одреди само во случај кога во поканата е поучен обвинетиот дека е должен лично да се јави.

(2) Приведувањето се одредува писмено. Во наредбата ќе се наведе името и презимето на обвинетиот што треба да се приведе, датумот на раѓање, престојувалиштето на обвинетиот, предметот во кој се одредува приведувањето и причината поради која е одредено приведувањето. Наредбата мора да има печат и потпис на судијата кој го одредил приведувањето.

**Гаранција**

Член 91

(1) Кога прекршочната постапка е поведена против обвинетиот кој не живее постојано во Република Македонија, а сака пред завршувањето на постапката да ја напушти, по негова молба судот може да дозволи да положи гаранција како обезбедување за исполнување на обврските што можат да бидат определени во одлуката за прекршокот.

(2) Судот може да бара обвинетиот, покрај полагањето на гаранција, да определи полномошник што од негово име ќе ги прима писмената и ќе го застапува во постапката, ако се во прашање негови имотни права.

(3) Гаранција не може да се определи пред обвинетиот да биде сослушан.

(4) Гаранцијата секогаш гласи на паричен износ што се определува со оглед на тежината на прекршокот, висината на предизвиканата штета, личните и семејните прилики на обвинетиот и со оглед на имотната состојба на лицето кое ја дава. Гаранцијата се состои во полагање на готови пари, хартии од вредност, скапоцености или во други подвижни предмети од поголема вредност што можат да се претворат во пари или да се чуваат.

(5) Ако постапката со одлука е запрена, положената гаранција ќе се врати.

(6) Ако сторителот на прекршокот по правосилноста на одлуката за прекршок не ја плати изречената глоба, или не ја надомести предизвиканата штета, стекнатата имотна корист и трошоците на постапката, од положената гаранција ќе се исплатат глобата, утврдената штета, стекнатата имотна корист и трошоците на постапката, а вишокот ќе се врати.

(7) За полагањето на гаранцијата и нејзиното враќање судот ќе донесе посебно решение.

**Задржување**

Член 92

(1) Ако постои основано сомнение дека обвинетиот сторил прекршок, до донесувањето на одлуката за прекршок судот може да одреди задржување, ако не е можно да се утврди неговиот идентитет или ако нема престојувалиште во Република Македонија, а постои основано сомнение за повторување на прекршокот или дека ќе побегне или ако со заминување заради престој во странство може да ја избегне одговорноста за прекршок.

(2) Обвинетиот кој е задржан има право веднаш да биде известен на мајчин јазик или јазикот што го разбира за причините за задржување, како и да биде поучен дека не е должен ништо да изјави, дека има право на моментална правна помош на бранител кој слободно може да го избере и дека надлежниот орган по негово барање е должен за задржувањето да ги извести неговите најблиски, односно работодавачот, а ако е странски државјанин, по негово барање и дипломатското претставништво на неговата држава. На обвинетиот веднаш, а најдоцна за 6 часа мора да му биде врачено писмено решение за причините за задржување од слобода со правна поука. Додека трае задржувањето обвинетиот има право на жалба против решението. Жалбата не го одлага решението за задржување. По жалбата за законитоста на задржувањето одлучува второстепениот суд во рок од 48 часа.

(3) Задржувањето може да трае најмногу 12 часа, од часот кога бил задржан. За ова време треба да се сослуша и да се донесе одлука за прекршок или да се пушти на слобода.

(4) За задржувањето на обвинетиот соодветно се применуваaат одредбите на Законот за кривичната постапка за извршување на притворот, ако со овој закон поинаку не е определено .

**Задржување странец во прифатен центар**

Член 93

(1) Ако сторителот на прекршокот е странец чиј идентитет не може да се утврди, судот веднаш му одредува мерка задржување во прифатен центар.

(2) Со решение задржувањето странец може да трае до 30 дена, а судот може да го продолжи уште за 30 дена.

(3) Против решението странецот има право на жалба до второстепениот суд во рок од 48 часа од моментот на задржувањето во прифатниот центар. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(4) Кога судот ќе одреди задржување странец во прифатен центар, ќе го извести Министерството за внатрешни работи и ќе го задолжи органот да преземе мерки за утврдување на идентитетот на странецот.

(5) Судот ќе донесе решение за престанок на задржувањето веднаш штом ќе ги добие податоците за идентитетот.

(6) Сместувањето во прифатен центар се уредува со посебен закон.

**Задржување на лица под дејство на алкохол или други психоактивни материи**

Член 94

(1) Министерството за внатрешни работи може да одреди да се задржи сторителот кој под дејство на алкохол или други психоактивни материи е затечен при сторување на прекршокот, ако постои опасност дека и во иднина ќе врши прекршоци, а не постојат услови за веднаш да го пренесе во здравствена установа. Задржувањето може да трае најмногу 8 часа. Трошоците за престојот паѓаат на товар на сторителот на прекршокот.

(2) За секое задржување Министерството за внатрешни работи составува записник во кој се внесуваат мерките што се преземени и ако се преземат медицински мерки и медицинските мерки. Примерок од записникот му се предава на задржаното лице.

(3) За лице под дејство на алкохол или психоактивни материи се смета лицето за кое тоа било утврдено во согласност со закон со употреба на технички средства и направи или ако од неговиот изглед, однесување, психофизичка состојба и други околности произлегува дека не е способно да управува со своите постапки.

**Приведување на лица затечени при извршување на прекршок**

Член 95

(1) Министерството за внатрешни работи и без наредба на судот може да го приведе лицето затечено при извршување прекршок, ако не е можно да се утврди идентитетот на сторителот, или ако тој нема престојувалиште, или ако со заминувањето во странство заради престој би можел да ја избегне одговорноста за прекршок, или ако постојат околности што ја прават основана оцената дека сторителот би продолжил со прекршокот, или дека ќе го повтори.

(2) Ако во случајот од ставот (1) на овој член сторителот е затечен при сторување прекршок во време кога судот не работи или ако постојат околности што укажуваат на опасност дека ќе побегне или ќе продолжи со прекршокот или прекршокот ќе го повтори, може да го задржи овластено службено лице. Задржувањето трае додека не биде можно сторителот да се приведе пред надлежниот суд, но најдолго 12 часа.

(3) Обвинетиот кој е приведен веднаш мора да биде известен на мајчин јазик или на јазикот кој го разбира за причините за приведување, како и да биде поучен дека не е должен ништо да изјави, дека има право на моментална правна помош од бранител кој слободно може да го избере и за тоа дека по негово барање надлежниот орган е должен за задржувањето да ги извести неговите најблиски.

**Известување за задржување заради приведување**

Член 96

(1) Судот, односно Министерството за внатрешни работи кој го одредил задржувањето по барање на задржаното лице е должен за задржувањето да го извести неговото семејство. По барање на задржаниот за задржувањето ќе се извести и неговиот работодавач ,односно дипломатското претставништво на странската држава, ако е потребно нешто да се преземе за заштита или згрижување на децата и другите членови на семејството, за кои се грижи задржаното лице, како и надлежниот центар за социјална работа.

(2) За задржувањето на воено лице по службена должност ќе се извести воената единица, односно командата на која военото лице и припаѓа.

**Засметување на времето на задржување**

Член 97

(1) Времето за кое осомничениот или обвинетиот бил задржан пред да биде донесена одлуката за прекршок, му се засметува во глобата. Притоа, секој започнат час на задржување се засметува во висина на 1 евро во денарска противвредност.

(2) Обвинетиот кој за време на кривичната постапка бил во притвор, времето на притворот му се пресметува во глобата изречена за прекршок, ако не бил осуден за кривично дело, а за истото дело му била изречена глоба во прекршочната постапка, при што еден ден притвор се пресметува за најмалку пет глоби.

**Глава дваесет и втора**

ДОКАЖУВАЊЕ

**Признавање на прекршок**

Член 98

Ако обвинетиот го признае сторувањето на прекршокот и признанието е јасно и целосно на судот не му е потребно да собира и други докази.

**Сослушување на сведоци**

Член 99

Сведокот ќе биде сослушан од страна на судот пред кој се води прекршочната постапка, освен ако сведокот не живее на неговото подрачје. Во овој случај сослушувањето ќе го изврши судот на чие подрачје сведокот живее.

**Глава дваесет и трета**

ПРЕКИН НА ПОСТАПКАТА И ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕКРШОК

**Прекин на постапката**

Член 100

(1) Судот што ја води прекршочната постапка со решение ќе ја прекине постапката:

1) ако не може да се утврди живеалиштето, односно престојувалиштето на обвинетиот или ако е во бегство, или од кои било причини не е достапен на државните органи или се наоѓа во странство на неодредено време;

2) ако кај обвинетиот настапила привремена душевна болест или привремено душевно растројство;

3) ако за истото дело е покрената кривична постапка до завршувањето на кривичната постапка и

4) постапката што е прекината по основ на ставот 1 точка 3 од овој член ќе продолжи кога кривичната постапка е запрена по некој друг основ, а и натаму постојат услови за водење на прекршочна постапка.

(2) Пред да се донесе решение за прекин на прекршочната постапка ќе се приберат сите докази за прекршокот и за одговорноста на обвинетиот до кој може да се дојде.

(3) Прекинатата постапка ќе продолжи кога ќе престанат причините за тоа.

(4) За прекинот и продолжувањето на постапката ќе се извести подносителот на барањето.

**Одбивање на барањето за прекршочна постапка**

Член 101

(1) Судот што ја води прекршочната постапка со решение ќе го одбие барањето, ако обвинетиот умре, ако ја плати глобата и ако го изврши платниот налог.

(2) Против решението е дозволена жалба од подносителот на барањето.

(3) Кога барањето е одбиено со решение, трошоците паѓаат на товар на Судскиот буџет на Република Македонија.

**Глава дваесет и четврта**

ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ, ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ И ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА

**Постапка на одземање**

Член 102

(1) Предметите што можат да бидат одземени според членот 41 од овој закон можат привремено да се одземаат и пред донесувањето на одлуката за прекршокот.

(2) Привременото одземање на предмети го определува со писмена наредба судот што ја води прекршочната постапка. Преписот од таа наредба мора да му се предаде на лицето од кое се одземаат предметите.

(3) На лицето од кое привремено се одземаат предмети му се издава потврда со точно назначување и опис на одземените предмети.

(4) Ако предметот е лесно расиплив или ако неговото чување бара несразмерни трошоци, а не може да биде предаден на чување на друг на трошок на лицето од кое е одземен предметот, судот надлежен за водење на прекршочната постапка ќе определи таквиот предмет да се продаде, а парите од продадените предмети да се депонираат на сметката на судот.

(5) Продажбата се врши согласно со одредбите од Законот за извршување на санкциите.

**Привремено одземање од други органи**

Член 103

(1) Со закон може да се овластат службените лица во органите на државната управа или организации и други органи што вршат јавни овластувања на надзор над спроведување на законите привремено да ги одземат предметите од членот 41 на овој закон кога во вршењето на службената должност ќе дознаат за прекршокот и се должни привремено одземените предмети веднаш да ги предадат на надлежниот суд, односно да го известат за извршеното привремено одземање на предметите и да се погрижат за нивното чување до поведување на прекршочната постапка.

(2) Органите од ставот (1) на овој член се должни веднаш да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на одземањето на предметите, во спротивно се должни предметите да ги вратат на лицето од кое се одземени, освен предметите чиј промет е забранет.

**Привремено враќање на сопственикот**

Член 104

Судот што ја води прекршочната постапка може по приговор од заинтересираното лице или по службена должност привремено одземените предмети да му ги врати на сопственикот и пред донесување на одлуката.

**Одземање на предмети по завршување на прекршочната постапка**

Член 105

Привремено одземените предмети ќе се одземат со одлука на судот согласно овие одредби пред завршување на прекршочната постапка, а според одредбите на Законот за кривична постапка по завршувањето на постапката.

**Привремено замрзнување на трансакции и блокирање на банкарски сметки**

Член 106

Во однос на привременото замрзнување на трансакциите и блокирањето на банкарските сметки, се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка.

**Привремена забрана од други органи**

Член 107

(1) Овластени службени лица во органите на државната управа или организации и други органи што вршат јавни овластувања на надзор над спроведување на законите во случаите уредени со посебен закон можат на сторителот на прекршокот привремено да му забранат вршење на дејност во која е извршен прекршокот ако постои опасност од повторување на прекршокот или за отстранување на последиците од прекршокот и се должни да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена.

(2) Доколку барањето не е поднесено во рокот од ставот (1) на овој член се смета дека привремената забрана престанала да важи.

**Укинување на привремена забрана од страна на судот**

Член 108

(1) Судот што ја води прекршочната постапка може по приговор на обвинетиот или по службена должност да ја укине привремената забрана за вршење на дејност.

(2) Судот ќе донесе решение за укинување на привремената забрана, ако сторителот ги отстрани последиците, односно ги плати трошоците, но најдолго во рок од три месеца.

**Глава дваесет и петта**

ТЕК НА ПОСТАПКАТА

**Скратена постапка**

Член 109

(1) Скратена постапка се води кога:

1) во барањето за поведување на прекршочна постапка се содржани сите факти и докази врз основа на кои судот може да одлучи без присуство на странка;

2) барањето за поведување на постапката се заснова на јавни исправи издадени од надлежни државни органи и

3) сторителот е затечен при извршувањето на прекршокот од страна на овластено службено лице.

(2) Во скратена постапка судот одлучува без испитување на обвинетиот кога е уредно повикан, а нема да се јави.

**Обвинетиот и негово право на одбрана**

Член 110

Доколку обвинетиот се јави на испитување заради проверка на наводите во поднесеното барање за поведување на прекршочна постапка, судот може да повика и на записник да сослуша сведоци или вештаци.

**Постојано заседание на судот**

Член 111

(1) Заради брзина на постапката судот обезбедува постојано работа во текот на 24 часа.

(2) Со распоредот за работа на судот се определува дежурен судија и судски работник во текот на целиот ден, неработен ден и празнични денови.

**Итност на постапката**

Член 112

Кога обвинетиот е странец судот во итна постапка одлучува во најкраток можен рок, но не подолго од три дена.

**Претрес**

Член 113

(1) Судот што ја води прекршочната постапка ќе определи устен претрес, ако тоа е потребно за разјаснување на фактичката состојба.

(2) На претресот се повикуваат обвинетиот, неговиот бранител, сведокот и по потреба и вештакот. Ако обвинетиот е правно лице на претресот се повикува неговиот застапник.

(3) За денот на претресот ќе се извести и предлагачот на постапката и оштетениот.

**Претресот во отсуство на обвинетиот**

Член 114

(1) Судот кој ја води постапката може да одлучи да се одржи претресот во отсуство на обвинетиот кој е уредно повикан, а судот утврдил дека неговото присуство не е нужно за правилно утврдување на состојбата во предметот. Под истите услови може да се одржи претресот и во отсуство на уредно повиканиот застапник на обвинетото правно лице.

(2) Претресот ќе се одржи кога нема да дојде уредно повиканиот претставник на подносителот на барањето, ако неговото присуство не е неопходно за разјаснување на фактичката состојба.

(3) Претресот ќе се одржи и кога нема да дојде уредно повиканиот бранител на обвинетиот.

**Тек на претресот**

Член 115

(1) Претресот започнува со објавување на главната содржина на барањето. Потоа се пристапува кон испитување на обвинетиот. Ако се обвинети правно лице и одговорно лице во правното лице прво се сослушува застапникот на правното лице, а по него одговорното лице. По испитувањето на обвинетиот се спроведува доказна постапка со сослушување на сведоци, вештаци и изведување на други докази.

(2) Подносителот на барањето, обвинетиот и неговиот бранител и застапникот на правното лице, како и оштетениот, имаат право во текот на претресот да предлагаат докази и да ставаат други предлози, а по одобрение на судијата што ја води прекршочната постапка можат да им поставуваат прашања на лицата кои се сослушуваат.

(3) На претресот последен збор секогаш има обвинетиот, односно застапникот на обвинетото правно лице.

(4) Ако судијата што ја води прекршочната постапка најде дека претресот не треба да се одложува заради дополнување на постапката или разјаснување на одделни прашања, ќе го заклучи претресот и ќе донесе одлука за прекршокот, а јавно ќе ја објави изреката на одлуката со кусо образложение на причините.

(5) За работата на претресот се води записник во кој се внесува, во битни црти, целиот тек на претресот. Записникот го потпишува судијата и записничарот.

**Постапување во случај кога обвинетиот сторил прекршок во текот на постапката**

Член 116

(1) Ако за време на изведувањето на дејствијата во прекршочната постапка обвинетиот сторил прекршок, судот што ја води прекршочната постапка, по правило, по барање на присутниот подносител на барањето, ќе ја прошири постапката и за тој прекршок.

(2) Доколку подносителот на барањето не е присутен или не е овластен за поднесување на барање за поведување на прекршочната постапка и во поглед на прекршокот од ставот (1) на овој член или обвинетиот сторил кривично дело, судијата за тоа ќе состави записник и со него ќе го запознае надлежниот подносител на барањето, односно јавниот обвинител. На ист начин ќе се постапи ако и некој друг во текот на изведувањето на дејствијата во прекршочната постапка стори прекршок.

**Глава дваесет и шеста**

ДОНЕСУВАЊЕ И СООПШТУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

**Видови на одлуки**

Член 117

(1) Прекршочната постапка завршува со донесување на пресуда или решение.

(2) Пресудата или решението за прекршок се однесува само на лицето за кое се бара поведување на прекршочната постапка и само за прекршокот што е предмет на барањето.

(3) Судот не е врзан за предлозите и оцената во однос на правната квалификација на прекршокот.

(4) Пресудата или решението за прекршокот се заснова врз изведените докази и фактите утврдени во прекршочната постапка.

**Пресуда**

Член 118

(1) Со пресуда за прекршок обвинетиот се огласува за виновен и му се изрекува прекршочна санкција или се ослободува од одговорност.

(2) Ако прекршочната постапка се води за повеќе прекршоци, во пресудата ќе се наведе за кои прекршоци се огласува за виновен и која прекршочна санкција му се изрекува, односно се ослободува од одговорност.

(3) Писмената пресуда за прекршок мора да има увод, диспозитив и образложение.

(4) Уводот на пресудата за прекршок го содржи називот на судот што ја донел, име и презиме на судијата кој ја донел пресудата, име и презиме на обвинетиот и

бранителот, фирмата, односно називот и седиштето на обвинетото правно лице и прекршокот што е предмет на постапката.

(5) Диспозитивот на пресудата за прекршок мора да ги содржи личните податоци на обвинетиот, податоците за обвинетото правно лице, дека обвинетиот е одговорен за прекршок или санкцијата што се изрекува или дека постапката против обвинетиот се запира.

(6) Кога пресудата за прекршок има образложение, судот ќе ги наведе доказите и околностите врз основа на кои ја заснова својата одлука.

(7) Пресудата донесена во скратена постапка, како и пресудата со која го признава прекршокот и кога се откажува од правото на жалба, нема образложение.

(8) Судот нема да донесе пресуда, ако обвинетиот на претресот го прифати платниот налог што ќе му го достави судот и со решение се запира постапката.

(9) Пресудата содржи поука за жалба.

**Пресуда со која обвинетиот се ослободува**

Член 119

Пресуда со која обвинетиот се ослободува од одговорност ќе се донесе, ако:

1) дејствието не е прекршок;

2) обвинетиот не го сторил прекршокот;

3) постојат околности што ја исклучуваат одговорноста за прекршок;

4) постапката е водена без барање на овластениот орган, односно оштетениот (член 80 став (1));

5) постапката е водена од стварно ненадлежен суд;

6) обвинетиот за ист прекршок правосилно е казнет во прекршочната постапка, или прекршочната постапка правосилно била запрена, но не поради ненадлежност;

7) обвинетиот во кривичната постапка правосилно е огласен за виновен за дело што ги опфаќа и обележјата на прекршокот;

8) обвинетиот ужива дипломатски имунитет;

9) настапила застареност за водење на прекршочната постапка;

10) нема докази дека обвинетиот го сторил прекршокот и

11) подносителот на барањето се откажал од барањето пред правосилноста на пресудата за прекршок.

**Решение за запирање на постапката**

Член 120

(1) Со решение постапката се запира, ако:

- обвинетиот умрел,
- правното лице престанало да постои,
- судот утврди дека прекршокот е извршен во состојба на непресметливост и
- во текот на постапката кај обвинетото лице настапило трајно душевно заболување и во други случаи определени со овој закон.

(2) Прекршочната постапка ќе се запре и во други со закон определени случаи.

**Пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен**

Член 121

(1) Во пресудата за прекршок со која обвинетиот ќе се огласи за виновен, ќе се наведе:

- за кој прекршок, односно прекршоци на обвинетиот му се изрекува санкција, опис на прекршокот и правна квалификација за прекршокот,
- санкцијата што му се изрекува на обвинетиот, односно одлуката за ослободување од санкцијата,
- санкцијата за одделни прекршоци и единствена санкција, ако се работи за стек на прекршоци,
- одлуката за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети,
- одлуката за засметување на задржување,
- одлуката за трошоци на постапката и
- одлуката за имотно-правно побарување.

(2) Во пресудата за прекршок ќе се утврди рокот, во кој треба да се плати глоба, ќе се наведе и предупредувањето на заменски затвор, односно дека неплатената глоба ќе се наплати по присилен пат, за можноста за замена на предвремениот затвор, односно плаќање со извршување на определени задачи.

**Глава дваесет и седма**

ТРОШОЦИ НА ПОСТАПКАТА

**Трошоци на постапката**

Член 122

(1) Трошоци на постапката се:

1) издатоци за сведоци, вештаци, преведувачи, толкувачи, увиди и претресување на простории и лица и чување на одземени предмети;

2) издатоци за приведување;

3) трошоци за службени дејствија и за службени лица;

4) издатоци за лекување на обвинетиот, додека е задржан и трошоци за породување;

5) патни трошоци на обвинетиот;

6) паушал;

7) награда и потребни издатоци на бранителот и

8) потребни издатоци на оштетениот, неговиот законски застапник и полномошникот.

(2) Паушалот се утврдува во границите на износите утврдени со пропис на министерот за правда во однос на траењето и сложеноста на постапката и во однос на општата состојба на она лице кое е должно да ја плати.

(3) Трошоците од ставот (1) точки 1 до 4 на овој член во прекршочната постапка се исплаќаат однапред од средствата на судот, а подоцна се надоместуваат од она лице кое според членот 123 од овој закон е должно да ги плати.

**Плаќање на трошоците на прекршочната постапката**

Член 123

(1) Трошоците на постапката ги плаќа осудениот, на кој му е изречена прекршочна санкција.

(2) Ако се водела постапка поради повеќе прекршоци, она лице на кое му била изречена прекршочна санкција не ги сноси трошоците за оние прекршоци во однос на кои постапката била запрена, ако тие трошоци може да се издвојат од вкупните трошоци.

(3) Ако со иста одлука им е изречена санкција на повеќе обвинети, ќе се утврди колкав дел од трошоците исплаќа секој од нив, а ако тоа не може да се утврди, сите обвинети солидарно ќе ги платат трошоците на постапката.

(4) Трошоците на постапката која била запрена паѓаат на товар на Судскиот буџет.

(5) Судот што ја води прекршочната постапка може да го ослободи обвинетиот на кого му била изречена санкција од надоместокот на трошоците на постапката од членот 122 став (1) на овој закон, освен од наградата и потребните издатоци за бранителот, ако поради плаќањето на трошоците му е загрозена неговата егзистенција или на оние лица кои е должен да ги издржува.

**Решение за трошоци**

Член 124

(1) Во одлуката за прекршок се утврдува кој ги плаќа трошоците и колкави се.

(2) Ако за утврдување на трошоците нема доволно податоци, за трошоците на постапката подоцна ќе се донесе посебно решение.

(3) Барањето со податоците за висината на трошоците на постапката што била запрена може да се поднесе во рок од три месеца од денот кога правосилната пресуда или решението му било врачено на она лице кое има право да поднесе такво барање.

**Посебни трошоци**

Член 125

(1) Обвинетиот, оштетениот, бранителот, законскиот застапник, полномошникот, застапникот на правното лице, сведокот, вештакот, преведувачот и толкувачот без оглед на исходот од прекршочната постапка ги плаќаат трошоците на своето приведување, одложување на дејствието во прекршочната постапка и другите трошоци што ги предизвикале по своја вина, како и соодветниот износ на паушалот.

(2) За трошоците на постапката од ставот (1) на овој член се донесува посебно решение.

**Трошоци во постапката по правни лекови**

Член 126

(1) За плаќање на трошоците во постапка по жалба пред второстепениот суд ќе одлучи конечно тој суд во согласност со одредбите на членовите од 122 до 125 од овој закон.

(2) Паушалот нема да се утврди, ако со одлука на второстепениот суд било одлучено во целост или делумно во корист на обвинетиот.

(3) Паушал ќе се утврди и во случај кога жалбата е отфрлена.

**Трошоци на постапката со вонредни правни лекови**

Член 127

Во однос на плаќањето на трошоците што ќе настанат во постапката со вонредните правни средства соодветно се применуваат одредбите на членовите од 122 до 125 од овој закон.

**Донесување на прописи за трошоци на постапката**

Член 128

Министерот за правда донесува Правилник за трошоците на прекршочната постапка.

**Глава дваесет и осма**

ПРАВНИ ЛЕКОВИ

**Видови правни лекови**

Член 129

(1) Против пресудата и решение на првостепениот суд може да се изјави жалба до второстепениот суд.

(2) Во прекршочна постапка завршена со пресуда можат да се користат вонредни правни лекови барање за повторување на прекршочна постапка и барање на заштита на законитоста.

**Постапка по правни лекови**

Член 130

(1) Во постапка по жалба и други правни лекови, бранителот мора да приложи полномошно, а ако бранителот не приложи полномошно, се смета дека жалбата е неуредна.

(2) Сите приговори во однос на уредноста на доставата, странките можат да ги доставуваат до завршувањето на претресот.

(3) Во жалбената постапка и во постапката по вонредните правни лекови, странката не може да предлага нови докази за кои знаела и можела да ги предложи во првостепената постапка.

**Рокови за правни лекови**

Член 131

(1) Жалбата се поднесува во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

(2) Второстепениот суд одлучува веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од приемот на жалбата, на нејавна седница.

(3) Кога се работи за странец, второстепениот суд решава веднаш, а најдоцна во рок од три дена.

(4) Второстепениот суд може да ја укине првостепената одлука и предметот да го врати на првостепениот суд ако биде предложено изведување на нови докази, освен кога доказот е приложен со жалба.

(5) Второстепениот суд при повторно одлучување не е врзан за правната квалификација содржана во одлуката.

(6) Кога второстепениот суд ја потврдува првостепената одлука донесена според членот 118 став (7) од овој закон, не мора да даде писмено образложение во својата одлука.

**Глава дваесет и деветта**

ПОСЕБНА ПОСТАПКА

**Прекршочна постапка спрема малолетници**
**Примена на одредбите од оваа глава**

Член 132

Во прекршочната постапка спрема малолетници се применуваат одредбите од оваа глава, а другите одредби од прекршочната постапка предвидени со овој закон само ако не се во спротивност со одредбите од оваа глава.

**Надлежност**

Член 133

(1) За водење на прекршочна постапка спрема малолетник месно надлежен е судот на чие подрачје, малолетникот имал живеалиште или престојувалиште.

(2) Прекршочната постапка спрема малолетникот е итна.

**Издвојување на прекршочна постапка**

Член 134

(1) Кога прекршочно одговорен малолетник учествувал во извршувањето на прекршокот со полнолетни лица, прекршочната постапка спрема него ќе се издвои и ќе се спроведе спрема одредбите од оваа глава.

(2) Од оправдани причини кога заради единството на доказите не е целисходно постапката да се раздвои, прекршочната постапка спрема малолетник може да се води заедно со прекршочната постапка против полнолетните лица и да се спроведе според општите одредби од овој закон.

(3) Кога се води единствена прекршочна постапка за малолетник и полнолетни сторители, во однос на малолетникот ќе се применат членовите 137 и 138 од овој закон.

**Повикување на малолетник**

Член 135

(1) Малолетникот се повикува преку родителот, односно старателот, освен ако тоа не е можно поради потребата од итно постапување или од други важни причини.

(2) Ако повикувањето на малолетникот не се врши преку родителот, односно старателот судот што ја води прекршочната постапка ќе го извести родителот, односно старателот за поведување на постапката.

**Мислење од орган на старателство**

Член 136

(1) Ако спрема постар малолетник е поведена прекршочна постапка за прекршок кој е поврзан со насилство, потешки повреди на јавниот ред и мир или прекршок сторен во повrат, пред донесувањето на одлука за прекршок, судот ќе прибави мислење од органот за старателство за личноста на малолетникот.

(2) Органот за старателство во своето мислење ќе укаже на сите околности што се од значење за донесување на правилна и законита одлука, а особено на поранешното однесување на малолетникот и на неговите семејни прилики.

(3) Органот за старателство, како и другите органи и организации од кои се бара известување, извештаи или мислења, се должни најитно да постапат.

**Должност за сведочење**

Член 137

Никој не може да биде ослободен од должноста да сведочи за околностите од значење за оценување на душевната развиеност на малолетникот и за запознавање на неговата личност и околностите во кои живее.

**Права на родителот, односно старателот**

Член 138

(1) Во прекршочната постапка спрема малолетниците, органот за старателство и родителот, односно старателот на малолетникот имаат право да се запознаат со текот на постапката и во текот на постапката да даваат предлози и да укажуваат на фактите и доказите што се од значење за донесување на правилна одлука.

(2) При преземање на дејствија спрема малолетник во негово присуство, а особено при неговото испитување, лицата кои учествуваат во прекршочната постапка се должни да постапуваат внимателно, водејќи сметка за душевната развиеност, чувствителноста и личните особини на малолетникот.

**Запирање на постапката**

Член 139

(1) Ако во текот на прекршочната постапка се утврди дека малолетникот во време на извршувањето на прекршокот не наполнил 14 години (дете), прекршочната постапка ќе се запре со решение.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член судот ќе го извести родителот, односно старателот на малолетникот, како и органот за старателство за прекршокот што е сторен, а по потреба може да го извести и училиштето, односно организацијата или заедницата во која малолетникот е сместен заради преземање воспитни мерки.

**Овластување на судот да ја цени целисходноста на постапката**

Член 140

(1) Судот може по претходно прибавено мислење од социјален орган да одлучи да не се поведе прекршочна постапка спрема малолетникот, ако смета дека не е целисходно да се води, со оглед на природата на прекршокот и околностите под кои прекршокот е сторен, поранешниот живот на малолетникот и неговите лични особини.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член барањето за поведување на прекршочната постапка ќе се отфрли со решение, а во образложението ќе се наведат причините поради кои барањето е отфрлено. За сторениот прекршок ќе се извести родителот, односно старателот и органот за старателство.

**Задолжително испитување**

Член 141

(1) Во прекршочната постапка спрема малолетник не може да се донесе решение за прекршок без негово испитување.

(2) Малолетникот не ги плаќа трошоците за прекршочната постапка, доколку му бил изречен само укор.

**Одлуки во постапката**

Член 142

(1) Постапката спрема малолетник завршува со решение со кое на малолетникот му се изрекува прекршочна санкција.

(2) Судот може да ја запре постапката спрема малолетникот во случај кога се исполнети условите од членовите 119 и 120 на овој закон.

**Доставување на одлука**

Член 143

(1) За усно соопштената одлука на малолетникот ќе му се достави заверен препис во рок од осум дена од денот на соопштувањето на одлуката.

(2) На родителот, односно старателот на малолетникот и на органот за старателство им се доставува примерок од правосилното решение за прекршок со кое на малолетникот му е изречена прекршочна санкција.

**Жалба против решение**

Член 144

(1) Против решението за прекршок донесено во прекршочната постапка спрема малолетникот, може да изјават жалба, покрај лицата од членот 351 на Законот за кривичната постапка, старателот, братот, сестрата и хранителот на малолетникот.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член можат да изјават жалба во корист на малолетникот и против неговата волја.

**Вонредни правни лекови**

Член 145

Во прекршочната постапка спрема малолетник може да се користат вонредни правни лекови барање за повторување на прекршочна постапка и барање за заштита на законитоста.

Глава триесетта

ПОСТАПКА ЗА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ

Член 146

Во постапката за конфискација на имот, имотна корист и за одземање на предмети се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка.

**Глава триесет и прва**

НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ДРУГИ ПРАВА НА ЛИЦАТА НА КОИ ИМ БИЛЕ ИЗРЕЧЕНИ САНКЦИИ ИЛИ НЕОСНОВАНО БИЛЕ ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА

Член 147

Во постапката за надоместок на штета, рехабилитација и други права на лицата на кои им биле изречени санкции или неосновано биле лишени од слобода, се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка.

**Глава триесет и втора**

ИЗВРШУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ОДЛУКИ

**Правосилност и извршување на пресуда и решение**

Член 148

(1) За извршувањето на санкциите изречени во прекршочна постапка согласно се применуваат одредбите од Законот за извршување на санкциите.

(2) За присилно извршување на одлуките, мандатната глоба и платниот налог важат одредбите од Законот за извршување.

(3) Кога глобата или платниот налог се платени во пошта или во друга финансиска организација за платен промет, таа е должна во рок од осум дена да достави до судот примерок од извршената уплата.

**Евиденција на одлуки**

Член 149

За секој прекршочен предмет се води евиденција во Државниот завод за статистика, а обрасците се утврдуваат со правилник што го донесува министерот за правда.

**Глава триесет и трета**

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 150

Со Судскиот деловник се уредува постапувањето на судовите за водење на евиденција за прекршочни санкции согласно со членот 45 од овој закон, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 151

(1) Постапките што се во тек ќе се завршат според одредбите на постојниот закон, но најдолго во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Правосилно изречените казни ќе се извршат според постојниот закон.

(3) Казните изречени во прв степен според Законот за прекршоците ("Службен весник на Република Македонија" број 15/97) до донесувањето на правосилна одлука ќе се заменат со соодветна санкција, затворот треба да се замени со глоба, а ако дојде до повторување на постапката, нова постапка ќе се води според овој закон.

Член 152

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, прекршочните постапки што не се довршени според одредбите од Законот за прекршоците ("Службен весник на Република Македонија" број 15/97), ќе се довршат според овој закон, доколку се поповолни за обвинетиот.

Член 153

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 154

Државните органи се должни во рок од 12 месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги усогласат законите во кои се пропишани прекршочни санкции со новите прекршочни санкции пропишани со овој закон.

Член 155

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за прекршоците ("Службен весник на Република Македонија" број 15/97).

Член 156

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

___

**L I G J**
**PËR KUNDËRVAJTJET**

DISPOZITAT THEMELORE

**Përmbajtja e ligjit**

Neni 1

Me këtë ligj përcaktohen kushtet e përgjithshme për rregullimin e kundërvajtjeve dhe sanksioneve për kundërvajtje, kushtet e përgjithshme për përcaktimin e përgjegjësisë për kundërvajtje, për kumtimin dhe përmbarimin e sanksioneve për kundërvajtje dhe rregullohet procedura për kundërvajtje që e mbajnë gjyqet, gjegjësisht në bazë të këtij ligji dhe ligji tjetër organet tjera të administratës shtetërore ose organizatat dhe organet tjera që bëjnë autorizime publike kompetente për kumtimin e sanksioneve për kundërvajtje (në tekstin e mëtejmë: organet për kundërvajtje).

**Zbatimi i dispozitave të Kodit penal dhe Ligjit për procedurë penale**

Neni 2

(1) Për kundërvajtjen dhe përgjegjësinë për kundërvajtje në përputhshmëri zbatohen dispozitat nga pjesa e përgjithshme të Kodit penal.

(2) Nëse me dispozitat nga ky ligj nuk është përcaktuar ndryshe, gjykatat në procedurën për kundërvajtje në përputhshmëri do t'i zbatojnë dispozitat e Ligjit për procedurë penale në vijim: për parimet themelore; gjuhën, kompetencën vendore; pasojat nga të paqenit kompetent dhe konflikti i kompetencave; përjashtimi; i pandehuri; mbrojtësi; shkresat; procesverbalet; afatet; kthimi në gjendjen e mëparshme; shpenzimet; kërkesa pronësoro-juridike; marrja dhe kumtimi i vendimeve; dorëzimi i shkresave; thirrja, arrestimi, mbajtja e personave, garancia dhe marrja e dokumentit për udhëtim të huajit; dëgjimi i dëshmitarëve; shikimi; ekspertiza; bastisja e lokaleve dhe personave; mjetet juridike të rregullta dhe të jashtëzakonshme.

**Pjesa e parë**

DISPOZITAT MATERIALE-JURIDIKE

**Kreu i parë**

DISPOZITAT E PËRGJITHSHME

**Ligjshmëria në përcaktimin e kundërvajtjes dhe në përcaktimin e sanksioneve për kundërvajtje**

Neni 3

Askujt nuk mund t'i kumtohet sanksion kundërvajtës për vepër e cila, para se të jetë kryer, nuk është përcaktuar me ligj si kundërvajtje dhe për të cilën me ligj nuk është përcaktuar sanksion.

**Sanksionet për kundërvajtje**

Neni 4

Për kundërvajtjen e bërë në kushtet e këtij ligji, kumtohen:

1) sanksione për kundërvajtje për kryerësit të moshës madhore;

2) sanksione për kundërvajtje për persona të mitur;

3) sanksione për kundërvajtje për persona juridikë dhe

4) masa të veçanta për kundërvajtje.

## Kreu i dytë

## KUNDËRVAJTJA DHE PËRGJEGJËSIA PËR KUNDËRVAJTJE

### Kundërvajtja

Neni 5

Kundërvajtja është vepër kundërligjore, e cila me ligj është përcaktuar si kundërvajtje, karakteristikat e së cilës janë përcaktuar me ligj dhe për të cilën është përcaktuar sanksioni për kundërvajtje.

### Përgjegjësia e personit fizik

Neni 6

(1) Për përgjegjësinë e personit fizik mjafton pakujdesia, në qoftë se me ligj me të cilin është rregulluar kundërvajtja nuk është përcaktuar se do të dënohet vetëm kur është bërë me paramendim.

(2) Personi përgjegjës në personin juridik ose tregtari individ, do të dënohet për kundërvajtje kur kryerja e kundërvajtjes bëhet me veprimin tij ose me lëshimin e mbikëqyrjes së tij të detyrueshme.

### Përgjegjësia e personit juridik

Neni 7

(1) Personi juridik mund të përgjigjet për kundërvajtje vetëm nëse ajo është përcaktuar në mënyrë të veçantë me ligjin me të cilin është rregulluar kundërvajtja.

(2) Personi juridik është përgjegjës nëse kryerja e kundërvajtjes është bërë me veprimin ose me lëshimin e mbikëqyrje së detyruar nga ana e organit kompetent ose të personit përgjegjës në personin juridik ose me veprimin ose lëshimin e personit tjetër që është autorizuar për të vepruar në emër të personit juridik, në suazat e autorizimeve të tij, ose kur ky i ka tejkaluar autorizimet e veta për shkak realizimit të interesit për personin juridik.

(3) Përgjegjësia për kundërvajtje e personit juridik nuk e përjashton përgjegjësinë e kryerësit të kundërvajtjes.

(4) Për veprat e përcaktuara me ligj përgjegjësi për kundërvajtje kanë të gjithë personat juridikë, me përjashtim të Republikës së Maqedonisë, organeve shtetërore dhe organeve në njësitë e vetadministrimit lokal.

(5) Personi juridik i cili është në falimentim është përgjegjës për kundërvajtje të kryer para fillimit të procedurës së falimentimit dhe mund t'i kumtohet vetëm masë e veçantë konfiskim i pronës, përfitimit pronësor dhe marrja e sendeve.

### Përgjegjësia e personit të huaj juridik

Neni 8

Personi i huaj juridik është përgjegjës për kundërvajtje nëse veprën e ka kryer në territorin e Republikës së Maqedonisë, pa marrë parasysh nëse ka përfaqësi ose filial të tij që kryen veprimtari në territorin e saj.

### Përgjegjësia për kundërvajtje e tjetërkujt

Neni 9

7) shpërblimi dhe të dhënat e duhura të mbrojtësit; dhe
8) të dhënat e nevojshme të të dëmtuarit, përfaqësuesit dhe autorizuesit të tij ligjor.

(2) Paushalli përcaktohet në kufijtë e shumave të përcaktuara me dispozitë të ministrit të Drejtësisë në lidhje me zgjatjen dhe ndërlikimin e procedurës dhe në lidhje me gjendjen e përgjithshme të personit që është i detyruar ta paguajë.

(3) Shpenzimet nga pikat 1 deri 4 të paragrafit (1) të këtij neni në procedurën për kundërvajtje paguhen që më parë nga mjetet e gjykatës, ndërsa më vonë kompensohen nga personi i cili sipas nenit 123 nga ky ligj është i detyruar t'i paguajë.

**Pagimi i shpenzimeve të procedurës për kundërvajtje**

Neni 123

(1) Shpenzimet e procedurës i paguan i dënuari të cilit i është kumtuar sanksioni për kundërvajtje.

(2) Nëse është mbajtur procedurë për më shumë kundërvajtje, personi të cilit i është kumtuar sanksion për kundërvajtje nuk i bart shpenzimet për ato kundërvajtje për të cilat procedura është ndërprerë, nëse këto shpenzime mund të ndahen nga shpenzimet e përgjithshme.

(3) Nëse me vendim të njëjtë u është kumtuar sanksion më shumë të pandehurve, do të përcaktohet shuma e shpenzimeve të cilën duhet ta paguajë secili prej tyre, por nëse kjo nuk mund të përcaktohet, të gjithë të pandehurit në mënyrë solidare do t'i paguajnë shpenzimet e procedurës.

(4) Shpenzimet e procedurës, e cila është ndërprerë bien mbi Buxhetin gjyqësor.

(5) Gjykata e cila e mban procedurën për kundërvajtje mund ta lirojë të pandehurin të cilit i është kumtuar sanksion nga kompensimi i shpenzimeve të procedurës nga paragrafi (1) i nenit 122 të këtij ligji, përveç prej shpërblimit dhe pagesës së nevojshme për mbrojtësin, nëse për shkak të pagimit të shpenzimeve i është rrezikuar ekzistenca e tij ose e atyre personave për të cilët e ka për detyrë të kujdeset.

**Aktvendimi për shpenzimet**

Neni 124

(1) Në vendimin për kundërvajtje përcaktohet se kush i paguan shpenzimet dhe sa janë.

(2) Nëse për përcaktimin e shpenzimeve nuk ka të dhëna të mjaftueshme, për shpenzimet e procedurës më vonë do të merret aktvendim i veçantë.

(3) Kërkesa me të dhënat për lartësinë e shpenzimeve të procedurës së ndërprerë mund të paraqitet brenda afatit prej tre muajsh prej ditës kur aktgjykimi ose aktvendimi i plotfuqishëm i është dorëzuar personit i cili ka të drejtë të paraqesë kërkesë të këtillë.

**Shpenzimet e veçanta**

Neni 125

(1) I pandehuri, i dëmtuari, mbrojtësi, përfaqësuesi ligjor, i prokuruari, përfaqësuesi i personit juridik, dëshmitari, eksperti, përkthyesi dhe interpretuesi, pa marrë parasysh epilogun nga procedura për kundërvajtje i paguajnë shpenzimet e arrestimit të tyre, të prolongimit të procedimit në procedurën për kundërvajtje dhe shpenzime të tjera që i kanë shkaktuar me fajin e vet, si dhe shumën përkatëse të paushallit.

(2) Për shpenzimet e procedurës nga paragrafi (1) i këtij neni, merret aktvendim i veçantë.

**Shpenzimet e procedurës sipas mjeteve juridike**

Neni 126

(1) Për pagimin e shpenzimeve të procedurës sipas ankesës para gjykatës së shkallës së dytë, përfundimisht do të vendosë ajo gjykatë, në përputhje me dispozitat e neneve prej 122 deri 125 të këtij ligji.

(2) Paushalli nuk do të caktohet, nëse me vendim të gjykatës së shkallës së dytë është vendosur tërësisht ose pjesërisht në favor të të pandehurit.

(3) Paushalli do të caktohet edhe në rastin kur ankesa është hedhur poshtë.

**Shpenzimet e procedurës me mjete juridike të jashtëzakonshme**

Neni 127

Sa i përket pagimit të shpenzimeve që do të lindin në procedurën me mjete juridike të jashtëzakonshme, në mënyrë përkatëse zbatohen dispozitat e neneve prej 122 deri 125 të këtij ligji.

**Nxjerrja e rregullave për shpenzimet e procedurës**

Neni 128

Ministri i Drejtësisë miraton Rregullore për shpenzimet e procedurës për kundërvajtje.

**Kreu i njëzetetetë**

MJETET JURIDIKE

**Llojet e mjeteve juridike**

Neni 129

(1) Kundër aktgjykimit dhe aktvendimit të gjykatës së shkallës së parë mund të paraqitet ankesë te gjykata e shkallës së dytë.

(2) Në procedurën për kundërvajtje e cila ka përfunduar me aktgjykim mund të shfrytëzohen mjete të jashtëzakonshme juridike: kërkesë për përsëritje të procedurës për kundërvajtje dhe kërkesë për mbrojtje të ligjshmërisë.

**Procedura sipas mjeteve juridike**

Neni 130

(1) Në procedurë sipas ankesës dhe mjeteve të tjera juridike, mbrojtësi patjetër duhet të parashtrojë prokurë, por nëse mbrojtësi nuk parashtron prokurë, do të konsiderohet se ankesa nuk është në rregull.

(2) Të gjitha kundërshtimet në lidhje me rregullshmërinë e dokumenteve, palët mund t'i paraqesin deri në përfundimin e shqyrtimit.

(3) Në procedurën ankimore dhe në procedurën sipas mjeteve të jashtëzakonshme juridike, pala nuk mund të propozojë prova të reja për të cilat ka pasur dijeni dhe ka mundur t'i propozojë në procedurën e shkallës së parë.

**Afatet për mjetet juridike**

Neni 131

(1) Ankesa paraqitet brenda afatit prej tetë ditësh nga dita e pranimit të vendimit.

(2) Gjykata e shkallës së dytë vendos menjëherë, e më së voni brenda afatit prej 30 ditësh, nga pranimi i ankesës, në seancë të mbyllur.

(3) Kur bëhet fjalë për person të huaj, gjykata e shkallës së dytë vendos menjëherë, e më së voni në afat prej tri ditësh.

(4) Gjykata e shkallës së dytë mund ta shfuqizojë vendimin e shkallës së parë dhe lëndën ta kthejë në gjykatën e shkallës së parë, nëse propozohet parashtrimi i provave të reja, përveç kur prova i është bashkëngjitur ankesës.

(5) Gjykata e shkallës së parë gjatë vendosjes së sërishme nuk është e lidhur me kualifikimin juridik të përmbajtur në vendimin.

(6) Kur gjykata e shkallës së dytë e verifikon vendimin e shkallës së parë, i cili është marrë sipas nenit 118 paragrafit (7) të këtij ligji, në vendimin e vet nuk është e domosdoshme të japë justifikim me shkrim.

**Kreu i njëzetenëntë**

PROCEDURA E VEÇANTË

**Procedura për kundërvajtje ndaj të miturve**

**Zbatimi i dispozitave të këtij kreu**

Neni 132

Në procedurën për kundërvajtje ndaj të miturve zbatohen dispozitat e këtij kreu, ndërsa dispozitat tjera nga procedura për kundërvajtje të parapara me këtë ligj, vetëm nëse nuk bien ndesh me dispozitat e këtij kreu.

**Kompetenca**

Neni 133

(1) Për mbajtjen e procedurës për kundërvajtje ndaj të miturit, kompetent vendor është gjykata në rajonin e së cilës, i mituri ka pasur vendbanim ose vendqëndrim.

(2) Procedura për kundërvajtje ndaj të miturit është urgjente.

**Veçimi i procedurës për kundërvajtje**

Neni 134

(1) Kur i mituri me përgjegjësi për kundërvajtje ka marrë pjesë në kryerjen e kundërvajtjes me persona të moshës madhore, procedura e kundërvajtjes ndaj tij do të veçohet dhe do të zbatohet sipas dispozitave të këtij kreu.

(2) Për shkaqe të arsyeshme kur për shkak të unitetit të provave nuk është e përshtatshme që procedura të veçohet, procedura për kundërvajtje ndaj të miturit mund të mbahet bashkë me procedurën për kundërvajtje kundër personave të moshës madhore dhe të zbatohet sipas dispozitave të përgjithshme të këtij ligji.

(3) Në rastet kur mbahet procedurë unike për kundërvajtje për kryerës të mitur dhe të moshës madhore, ndaj personit të mitur do të aplikohet neni 137 dhe neni 138 të këtij ligji.

**Thirrja e të miturit**

Neni 135

(1) I mituri thirret përmes prindit, përkatësisht kujdestarit, përveç në rastet kur kjo nuk është e mundur për shkak të nevojës për veprim urgjent ose për shkaqe të tjera të rëndësishme.

(2) Nëse thirrja e të miturit nuk bëhet përmes prindit, përkatësisht kujdestarit gjykata e cila e mban procedurën për kundërvajtje do ta njoftojë prindin, përkatësisht kujdestarin.

**Mendimi nga organi i kujdestarisë**

Neni 136

(1) Nëse ndaj të miturit më të moshuar është ngritur procedurë për kundërvajtje, për kundërvajtje që ka të bëjë me dhunën, me shkelje më të rënda të rendit dhe qetësisë publike ose me kundërvajtje të përsëritur, para se të merret vendimi për kundërvajtje, gjykata do të sigurojë mendim nga organi i kujdestarisë për personalitetin e të miturit.

(2) Organi i kujdestarisë në mendimin e tij do t'i nxjerrë në pah të gjitha rrethanat që janë të rëndësishme për të marrë një vendim të drejtë dhe të ligjshëm, e veçanërisht sjelljen e mëhershme të të miturit dhe gjendjen e tij familjare.

(3) Organi i kujdestarisë si dhe organet e entet e tjera prej të cilave kërkohen njoftime, raporte ose mendime, detyrimisht duhet të veprojnë në mënyrë sa më urgjente.

**Obligimi për të dëshmuar**

Neni 137

Askush nuk mund të lirohet nga obligimi që të dëshmojë në lidhje me rrethanat e rëndësishme për vlerësimin e zhvillimit shpirtëror të të miturit dhe për t'u njohur me personalitetit të tij dhe rrethanat në të cilat ai jeton.

**Të drejtat e prindit, përkatësisht të kujdestarit**

Neni 138

(1) Në procedurën për kundërvajtje ndaj të miturve, organi i kujdestarisë dhe prindi, përkatësisht kujdestari i të miturit kanë të drejtë të njoftohen me rrjedhën e procedurës dhe gjatë rrjedhës së procedurës të japin propozime dhe t'i nxjerrin në pah faktet dhe provat që janë të rëndësishme për t'u marrë një vendim i drejtë.

(2) Gjatë ndërmarrjes së veprimeve ndaj të miturit në prani të tij, e veçanërisht gjatë dëgjimit, personat që marrin pjesë në procedurën për kundërvajtje detyrimisht duhet të veprojnë me kujdes, duke mbajtur llogari për zhvillimin shpirtëror, ndjeshmërinë dhe veçoritë personale të të miturit.

**Ndërprerja e procedurës**

Neni 139

(1) Nëse gjatë procedurës për kundërvajtje konstatohet se i mituri në kohën e kryerjes së kundërvajtjes nuk i ka mbushur 14 vjet (fëmijë), procedura e kundërvajtjes do të ndërpritet me aktvendim.

(2) Në rastin nga paragrafi (1) i këtij neni, gjykata do ta njoftojë prindin, përkatësisht kujdestarin e të miturit, si dhe organin e kujdestarisë për kundërvajtjen e bërë, e sipas nevojës mund ta njoftojë shkollën, përkatësisht organizatën ose bashkësinë në të cilën i mituri është akomoduar me qëllim që të ndërmerren masa edukative.

**Autorizimi i gjykatës që ta vlerësojë përshtatshmërinë e procedurës**

Neni 140

(1) Gjykata sipas mendimit të siguruar paraprakisht nga organi social mund të vendosë që të mos hapet procedurë për kundërvajtje ndaj të miturit, nëse konsideron se nuk është e përshtatshme që të mbahet, duke e pasur parasysh natyrën e kundërvajtjes dhe rrethanat në të cilat kundërvajtja është kryer, jetën e mëhershme të të miturit dhe virtytet e tij personale.

(2) Në rastin e paragrafit (1) të këtij neni, kërkesa për hapje të procedurës për kundërvajtje me aktvendim do të hidhet poshtë, ndërsa në justifikimin do të ceken arsyet për shkak të së cilave kërkesa është hedhur poshtë. Për kundërvajtjen e bërë do të njoftohet prindi, përkatësisht kujdestari dhe organi i kujdestarisë.

**Dëgjimi i detyrueshëm**

Neni 141

(1) Në procedurën për kundërvajtje ndaj të miturit nuk mund të merret aktvendim për kundërvajtje pa dëgjimin e tij.

(2) I mituri nuk i paguan shpenzimet e procedurës për kundërvajtje, nëse i është kumtuar vetëm qortim.

**Vendimet gjatë procedurës**

Neni 142

(1) Procedura ndaj të miturit përfundon me aktvendim me të cilin të miturit i kumtohet sanksioni për kundërvajtje.

(2) Gjykata mund ta ndërpresë procedurën ndaj të miturit në rastin kur janë përmbushur kushtet e nenit 119 dhe nenit 120 të këtij ligji.

**Dërgimi i vendimit**

Neni 143

(1) Për vendimin e kumtuar me gojë, të miturit do t'i dërgohet një ekzemplar i vërtetuar brenda afatit prej tetë ditësh nga dita e njoftimit të vendimit.

(2) Prindit përkatësisht kujdestarit të të miturit dhe organit të kujdestarisë u dërgohet nga një kopje të aktvendimit të plotfuqishëm për kundërvajtje me të cilin të miturit i është kumtuar sanksioni për kundërvajtje.

**Ankesa kundër aktvendimit**

Neni 144

(1) Kundër aktvendimit për kundërvajtje i cili është marrë në procedurë për kundërvajtje ndaj personit të mitur, krahas personave nga neni 351 të Ligjit për procedurë penale, mund të paraqesin ankesë kujdestari, vëllai, motra dhe personi që i jep asistencë të miturit.

(2) Personat nga paragrafi (1) i këtij neni mund të paraqesin ankesë në favor të personit të mitur edhe përkundër dëshirës së tij.

**Mjetet e jashtëzakonshme juridike**

Neni 145

Në procedurën për kundërvajtje ndaj të miturit mund të shfrytëzohen mjete të jashtëzakonshme juridike, kërkesa për përsëritje të procedurës për kundërvajtje dhe kërkesa për mbrojtje të ligjshmërisë

**Kreu i tridhjetë**

PROCEDURA PËR KONFISKIMIN E PRONËS, PËRFITIMIT NË PRONË DHE PËR SEKUESTRIMIN E SENDEVE

Neni 146

Në procedurën për konfiskimin e pronës, përfitimit në pronë dhe për sekuestrimin e sendeve, zbatohen dispozitat e Ligjit për procedurë penale.

**Kreu i tridhjetenjëtë**

KOMPENSIMI I DËMIT, REHABILITIMI DHE TË DREJTA TË TJERA TË PERSONAVE TË CILËVE U JANË KUMTUAR SANKSIONE OSE PA BAZË JANË PRIVUAR NGA LIRIA

Neni 147

Në procedurën për kompensim të dëmit, për rehabilitim dhe për të drejta të tjera të personave të cilëve u janë kumtuar sanksione ose pa bazë janë privuar nga liria, zbatohen dispozitat e Ligjit për procedurë penale.

**Kreu i tridhjetedytë**

ZBATIMI DHE EVIDENTIMI I VENDIMEVE

**Plotfuqishmëria dhe zbatimi i aktgjykimit dhe aktvendimit**

Neni 148

(1) Për zbatimin e sanksioneve të kumtuara në procedurën për kundërvajtje në përputhshmëri zbatohen dispozitat e Ligjit për zbatimin e sanksioneve.

(2) Për zbatim të dhunshëm të vendimeve, gjobë me mandat dhe urdhërpagesë vlejnë dispozitat e Ligjit për përmbarim.

(3) Në rastin kur gjoba ose urdhërpagesa janë paguar në postë apo në institucion tjetër financiar për qarkullimin e pagesave, ai e ka për obligim që brenda afatit prej 8 ditësh, t'i dërgojë gjykatës një ekzemplar nga pagesa e bërë.

**Evidenca e vendimeve**

Neni 149

Për secilën lëndë për kundërvajtje mbahet evidencë në Entin Shtetëror për Statistikë, ndërsa formularët përcaktohen me rregullore të cilën e miraton ministri i Drejtësisë.

**Kreu i tridhjetetretë**

DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 150

Me Rregulloren gjyqësore rregullohet procedimi i gjykatave për mbajtjen e evidencës për sanksionet për kundërvajtje në përputhje me nenin 45 të këtij ligji, brenda afatit prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 151

(1) Procedurat që janë në rrjedhë, do të përfundohen sipas dispozitave të ligjit ekzistues, por më së gjati brenda afatit kohor prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(2) Dënimet e plotfuqishme të kumtuara do të zbatohen sipas ligjit ekzistues.

(3) Dënimet e kumtuara në shkallë të parë sipas Ligjit për kundërvajtjet ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 15/97) deri në marrjen e vendimit të plotfuqishëm do të zëvendësohen me sanksione përkatëse, burgu duhet të zëvendësohet me gjobë, por nëse procedura përsëritet, procedura e re do të mbahet sipas këtij ligji.

Neni 152

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, procedurat për kundërvajtje që nuk janë përfunduar sipas dispozitave të Ligjit për kundërvajtjet ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 15/97), do të përfundohen sipas këtij ligji, nëse janë më të volitshme për të pandehurin.

Neni 153

Rregullat nënligjore të parapara me këtë ligj, do të nxirren brenda afatit prej gjashtë muajsh, nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 154

Organet shtetërore e kanë për obligim që brenda afatit prej dymbëdhjetë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, t'i harmonizojnë ligjet në të cilat janë përcaktuar sanksione për kundërvajtje me sanksionet e reja për kundërvajtje të përcaktuara me këtë ligj.

Neni 155

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, pushon të vlejë Ligji për kundërvajtjet ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 15/97).

Neni 156

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**795.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО**

Се прогласува Законот за поттикнување на вработувањето,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 мај 2006 година.

Број 07-1999/1
12 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р

**З А К О Н**
**ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО**

Член 1

Со овој закон се создаваат услови за поттикнување на повторното вработување преку надоместување на средства на работодавачот за плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за нововработените работници, под услови и на начин утврдени со овој закон.

Член 2

На работодавачот кој ќе вработи невработено лице на неопределено време, му се надоместуваат средствата за платениот придонес за пензиско и инвалидско осигурување, за период од 24 месеца од вработувањето, под услови и на начин утврдени со овој закон.

Член 3

Како невработено лице на кое се однесуваат одредбите од овој закон се смета невработено лице со најмалку 25 години пензиски стаж и над 54 години возраст на кое работниот однос му престанал по основ на стечај или по основ на технолошки вишок, кое остварило право на надоместок од осигурување во случај на невработеност и е во евиденцијата на невработени лица над две години по искористување на правото по основ на невработеност.

Член 4

Работодавачот придонесот за плата за новоработените работници го пресметува и уплатува со исплатата на платите, согласно со закон и колективен договор.

На работодавачот за новоработените работници му се надоместуваат средствата уплатени за придонесите на плата за пензиско и инвалидско осигурување во висина од 3.000 денари месечно по работник на секои 60 дена, доколку работодавачот за тој период исплатил плата и уплатил придонеси од плата.

Средства за новоработените работници од членот 3 на овој закон, на работодавачот се исплатуваат месечно преку Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Член 5

Работодавачот е должен вработеното лице од членот 3 на овој закон да го задржи на работа најмалку двојно повеќе време од периодот за кој користел надоместување на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 6

Ако работодавачот го откаже договорот за вработување на вработените лица од членот 3 на овој закон пред истекот на времето од членот 5 на овој закон е должен да го врати износот на надоместените средства во еднократен износ со банкарска камата на средства по видување, освен за бројот на починати работници и работници на кои им престанал работниот однос по сила на закон.

Член 7

Работникот на кого му престанал работниот однос на негово барање или поради кршење на работниот ред и дисциплина согласно со закон не може да ги остварува правата утврдени со овој закон.

Член 8

Работодавачот е должен во Агенцијата за вработување на Република Македонија да го пријави во рок од три дена секое засновање на работен однос со доставување на договор за работа и пријава за работа и секој престанок на работен однос на работник вработен во согласност со овој закон.

Агенцијата за вработување на Република Македонија и работодавачот водат евиденција за работен однос согласно со овој закон.

Член 9

Невработеното лице од членот 3 на овој закон ако започне со вршење дејност како трговец поединец, трговско друштво или започне да врши друга стопанска или занаетчиска дејност согласно со закон, има право на надоместување на средствата за придонес за пензиското и инвалидското осигурување согласно со овој закон со доставување на доказ од надлежен орган.

Член 10

Одредбите на овој закон не се применуваат ако работодавачот е државен орган, орган на единица на локалната самоуправа и на градот Скопје, јавна установа, јавно претпријатие и другите корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија.

Член 11

Правата и обврските на работодавачот и Агенцијата за вработување на Република Македонија утврдени со овој закон се уредуваат со договор. Начинот на постапувањето на работодавачите, органите и службите во примената на овој закон ќе се уреди со посебен правилник, што го пропишува министерот за труд и социјална политика во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на овој закон и ќе биде објавен во "Службен весник на Република Македонија".

Член 12

Средствата за остварување на правата утврдени со овој закон, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во рамките на средствата за стимулација за вработување.

Член 13

Надзорот над спроведувањето на овој закон го вршат Државниот инспекторат за труд, Управата за јавни приходи и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Член 14

Со парична казна од 20.000 до 30.000 денари ќе се казни работодавач, ако:

- не го задржи работникот на работа најмалку двојно повеќе од времето за кое користел надоместување на средства за пензиското и инвалидското осигурување,
- не го пријави секое засновање и престанок за работен однос на вработен работник, согласно со овој закон и
- не ја извести Агенцијата за вработување на Република Македонија за денот за престанок на вршење на дејноста на работодавачот.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице кај работодавачот со парична казна од 40.000 до 50.000 денари.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2006 година до 1 јули 2008 година.

---

## L I G J
## PËR NXITJEN E PUNËSIMIT

Neni 1

Me këtë ligj krijohen kushte për punësim të sërishëm përmes kompensimit të mjeteve të punëdhënësit për pagimin e kontributit për sigurim pensional dhe invalidor për punëtorët e rinj të punësuar, sipas kushteve dhe mënyrës së përcaktuar me këtë ligj.

Neni 2

Punëdhënësit i cili do të punësojë person të papunësuar për kohë të pacaktuar, i kompensohen mjetet e kontributit të paguara për sigurim pensional dhe invalidor, për periudhën kohore prej 24 muajsh nga punësimi, sipas kushteve dhe mënyrës së përcaktuar me këtë ligj.

Neni 3

Si person i papunësuar me të cilin kanë të bëjnë dispozitat e këtij ligji, konsiderohet personi i papunësuar me së paku 25 vjet stazh pensioni dhe me moshë mbi 54 vjeçe të cilit marrëdhënia e punës i ka pushuar në bazë të falimentimit ose në bazë të tepricës teknologjike të cilët e kanë realizuar të drejtën e kompensimit për sigurim në rast të mospunësimit dhe janë në evidencën e personave të papunësuar mbi 2 vjet sipas shfrytëzimit të së drejtës mbi bazë të papunësisë.

Neni 4

Punëdhënësi kontributin e pagës për punëtorë të rinj të punësuar e përllogarit dhe paguan me pagimin e pagave, në përputhje me ligjin dhe me marrëveshjen kolektive.

Punëdhënësit për punëtorët e rinj të punësuar i kompensohen mjetet e paguara për kontributet ndaj pagës për sigurim pensional dhe invalidor në lartësi prej 3.000 denarë në muaj për punëtor në çdo 60 ditë, në qoftë se punëdhënësi për atë periudhë e ka paguar pagën dhe kontributet e pagës.

Mjetet për punëtorët e rinj të punësuar nga neni 3 i këtij ligji, punëdhënësit i paguhen në muaj përmes Agjencisë për Punësim të Republikës së Maqedonisë.

Neni 5

Punëdhënësi detyrimisht personin e punësuar nga neni 3 i këtij ligji duhet ta mbajë në punë më së paku dyfishin e kohës nga periudha kohore për të cilën e ka shfrytëzuar kompensimin e kontributit për sigurim pensional dhe invalidor.

Neni 6

Nëse punëdhënësi heq dorë nga marrëveshja për punësimin e personave të punësuar nga neni 3 i këtij ligji, para skadimit të kohës nga neni 5 i këtij ligji, detyrimisht duhet ta kthejë shumën e mjeteve të kompensuara me shumë të njëhershme me kamatë bankare të mjeteve sipas shikimit, përveç për numrin e punëtorëve që kanë vdekur dhe punëtorëve të cilëve u ka pushuar marrëdhënia e punës sipas fuqisë së ligjit.

Neni 7

Punëtorit të cilit i ka pushuar marrëdhënia e punës me kërkesë të tij ose për shkak të shkeljes së rendit dhe disiplinës së punës, në përputhje me ligjin, nuk mundet t'i realizojë të drejtat e përcaktuara me këtë ligj.

Neni 8

Punëdhënësi detyrimisht në Agjencinë për Punësim të Republikës së Maqedonisë, brenda afatit prej 3 ditësh, duhet ta paraqesë çdo themelim të marrëdhënies së punës përmes dërgimit të marrëveshjes për punë dhe fletëparaqitjes për punë dhe çdo pushim të marrëdhënies së punës të punëtorit të punësuar, në përputhje me këtë ligj.

Agjencia për Punësim e Republikës së Maqedonisë dhe punëdhënësi mbajnë evidencë për marrëdhënie pune, në përputhje me këtë ligj.

Neni 9

Personi i papunësuar nga neni 3 i këtij ligji, nëse fillon me kryerje të veprimtarisë si tregtar individ, si shoqëri tregtare ose fillon të kryejë veprimtari tjetër ekonomike apo zejtare në përputhje me ligjin, ka të drejtë kompensimi të mjeteve të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor, në përputhje me këtë ligj, me paraqitje të provës nga organi kompetent.

Neni 10

Dispozitat e këtij ligji nuk zbatohen nëse punëdhënësi është organ shtetëror, organ i njësisë së vetadministrimit lokal dhe i Qytetit të Shkupit, institucion publik, ndërmarrje publike dhe ndaj shfrytëzuesve të tjerë të mjeteve nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë.

Neni 11

Të drejtat dhe obligimet e punëdhënësit dhe të Agjencisë për Punësim të Republikës së Maqedonisë të përcaktuara me këtë ligj, rregullohen me marrëveshje. Mënyra e veprimit të punëdhënësve, organeve dhe shërbimeve gjatë zbatimit të këtij ligji, do të rregullohet me rregullore të veçantë, të cilën e përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale brenda afatit prej 8 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, dhe do të shpallet në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

Neni 12

Mjetet për realizimin e të drejtave të përcaktuara me këtë ligj, sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë, në kuadër të mjeteve për stimulim të punësimit.

Neni 13

Mbikëqyrjen mbi zbatimin e këtij ligji e bën Inspektorati Shtetëror i Punës, Drejtoria e të Hyrave Publike dhe Agjencia për Punësim e Republikës së Maqedonisë.

Neni 14

Me dënim me para prej 20.000 deri më 30.000 denarë do të dënohet punëdhënësi nëse:

- punëtorin nuk e mban në punë më së paku më shumë se dyfishin e kohës për të cilën ka shfrytëzuar kompensim të mjeteve për sigurim pensional dhe invalidor.
- nëse nuk e paraqet çdo themelim ose pushim të marrëdhënies së punës të punëtorit të punësuar, në përputhje me këtë ligj.
- nëse nuk e njofton Agjencinë për Punësim të Republikës së Maqedonisë për ditën e pushimit të kryerjes së veprimtarisë të punëdhënësit.

Për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni do të dënohet edhe personi përgjegjës te punëdhënësi me dënim me para prej 40.000 deri 50.000 denarë.

Neni 15

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet prej 1 korrik 2006 deri më 1 korrik 2008.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**796.**

Врз основа на член 91, став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.05.2006 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е ЗА ИМЕНУВАЊЕ ШЕФ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА ВРСКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРИШТИНА, АКРЕДИТИРАНА ПРИ УНМИК

1. За шеф на Канцеларијата за врска на Република Македонија во Приштина, акредитирана при УНМИК се именува Стојан Карајанов, шеф на Трговско-економското претставништво на Република Македонија во Приштина.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 59/1
11 мај 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**797.**

Врз основа на членовите 11 став (4), 13 став (3), 19 став (6), 20, 21 и 33 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр. 61/2002, 98/2002 и 81/2005), министерот за финансии донесе

### П Р А В И Л Н И К ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СМЕТКОВОДСТВО ЗА БУЏЕТИТЕ И БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ", бр. 28/03), на член 3 се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) По исклучок од став (1) на овој член, обврската за обезбедување на податоци за средствата во врска со имотот не се однесува на сметководството на Буџетот на Република Македонија и сметководството на буџетите на единиците на локалната самоуправа."

Член 2

Членот 7 се менува и гласи:

"(1) Помошните книги од член 8 став (2) од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, може да не се водат доколку буџетските корисници водат евиденција со директно расчленување на ставките во главната книга преку која ги обезбедуваат потребните податоци, а книгите на влезни и излезни фактури и книгите за набавки, се водат по потреба;

(2) Книгата на пописни листи за материјали, ситен инвентар и основните средства буџетските корисници ја пополнуваат при спроведувањето на редовните годишни и вонредни пописи, примопредавање на должноста на одговорните лица за материјалните вредности и во други случаи;

(3) Книгата на основни средства се води при евиденција на расположивите и ново набавени и отуѓени движни и недвижни средства;

(4) Одредбите од став (2) и (3) на овој член не се однесуваат на сметководството на Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа."

Член 3

Во членот 16 ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Буџетските корисници и единките корисници на средства од буџетите водат сметководство и сметководствена евиденција одделно за буџетските приходи (603, 637, 903, 937); за приходите наплатени од органи (631); за приходите од самофинансирачки активности (787, 788), за приходите од донации (785); и за приходите од проектни кредити (786), за што изготвуваат финансиски извештаи и завршни сметки и финансиски планови и други податоци по потреба."

Ставовите (3) и (4) се бришат.

Член 4

Во член 17 ставот (4) се менува и гласи:

"(4) Исплатите во текот на годината по основ на долгорочни и краткорочни вложувања или позајмувања, се искажуваат како расход, истовремено и како побарувања, а кога се враќаат се затвора побарувањето и се искажуваат како приход."

Член 5

Членот 19 се менува и гласи:

"(1) Основица за отпис (пресметување на амортизација) на долгорочните средства (материјалните и нематеријални средства), претставува набавната вредност на долгорочните и краткорочни средства, која се состои од: куповната цена, зголемена за увозни царини, даноци, такси, издатоци за превоз и подвоз, сервисирање ускладиштување, монтирање, проект пресметки, регистрации и други издатоци кои можат директно да се додадат на набавната вредност. Набавната вредност се корегира - зголемува за вложувањата на име доградба, реконструкција, адаптација и сл., кога се менува функцијата и намената на средствата (инвестиционо вложување). Додека, одделните поправки, преправки, замена, сервисирање и слично (тековно одржување), не влегува во набавната вредност, односно не ја зголемува набавната вредност, туку претставува директен расход на буџетот или буџетскиот корисник.

(2) Набавната вредност и промените на вредноста со кои се зголемува набавната вредност претставува основица за пресметување на амортизација по основ на став (1) од овој член се земаат предвид за натамошно пресметување на амортизацијата од првиот ден на наредниот месец, односно од првиот ден на наредната година откако настанале, односно откако се утврдени."

Член 6

Во член 21 став (2), зборовите "100 евра", се заменуваат со зборовите "300 евра".

Член 7

По член 21, се додава нов член 21-а, кој гласи:

"Член 21-а

Како долгорочни средства се сметаат и средствата, чија поединачна вредност е пониска од 300 евра, а претставуваат неделива целина, се сметаат:

1) намештај од сите видови и друг мебел, без оглед на тоа дали е набавен во комплет (гарнитура) или поединечно (во парче) и без оглед на тоа дали се користи во комплет или поединечно;

2) ликовни, вајарски или други уметнички дела кои се со музејска вредност;

3) опрема што се користи како уред или како постројка за загревање, за вентилација или за чистење и одржување на канцелариски или други простории односно на определени транспортни средства;

4) опрема за чија изработка е употребено злато, сребро, платина или друг скапоцен метал, вклучувајќи ги и оние каде што скапоцениот метал (злато, сребро, платина и др.) е користен само за надворешно или друго дотерување или само за изработка на одделни делови;

5) телефонски и телеграфски централи со нивните уреди и инструменти;

6) радиоуреди, телевизиски уреди, радио и телевизиски приемници и предаватели;

7) постројки и уреди за приготвување и чување на храна, напитоци и пијачки;

8) електрични и електронски машини компјутери и уреди за книжење и електронски и електрични машини за пишување, и постројки и уреди за умножување на печатен, пишуван или цртан материјал;

9) електронски и медицински уреди и апарати, уреди и постројки за лабораториски и медицински истражувања;

10) електронски училишни учила и уреди, постројки и апарати за истражувачко-научна и истражувачко-развојна работа во училишта и во други субјекти, како и постројки, уреди и апарати за лабораториски истражувања или испитувања на материјали, полупроизводи или делови, готови производи и стоки;

11) комплети и поединечни алати со вградени програмери кај кои, по пуштањето во погон по однапред утврдена програма а до извршувањето на операциите утврдени со програмата, работата се одвива автоматски (непрекинато)."

Член 8

Членот 28 се менува и гласи:

"(1) Буџетите и буџетските корисници вршат ревалоризација на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните средства) ако инфлацијата на годишно ниво, мерена со пораст на цените на производителите на индустриски производи, е поголема од 10%. Ревалоризацијата се врши на крајот на годината (годишна ревалоризација) и во текот на годината за вложувањата на средствата, за расходуваните, продадените или на друг начин отуѓени средства со утврдениот коефициент од страна на Државниот завод за статистика на денот на отуѓувањето на средствата.

(2) Основица за ревалоризација на долгорочните средства претставува набавната вредност на средствата, утврдена со член 19 став (1) од овој правилник.

(3) Ревалоризационата вредност, односно пазарната вредност на долгорочните средства при нивно повлекување од употреба и отуѓување во текот на пресметковниот период се утврдува комисиски со проценка.

(4) Ревалоризацијата во смисла на став (3) од овој член се врши така што сите состојби на долгорочните средства се усогласуваат во согласност со извршената проценка до крајот на месецот кога средствата се повлекуваат од употреба, односно се отуѓуваат.

(5) Ревалоризацијата во смисла на став (4) од овој член се врши така што сите состојби на долгорочните средства од претходната година се множат со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи од почетокот до крајот на пресметковниот период, а за долгорочните средства кои се набавени во текот на пресметковниот период нивната состојба се множи со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи од првиот ден на наредниот месец од месецот во кој е извршена набавката (вложувањето) до крајот на пресметковниот период.

(6) Резултатот од ревалоризацијата на долгорочните средства се пренесува во корист или на товар на изворите на средства."

Член 9

По член 28, се додава нов член 28-а, кој гласи:

"Член 28-а

(1) Ревалоризацијата на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните), се врши на следните обрасци:

1. Образец "РЕВ-1" -Пресметка на годишната ревалоризација на долгорочните средства;

2. Образец "РЕВ-2" - Пресметка на ревалоризацијата на отуѓените средства (расходуваните, продадените или на друг начин отуѓени) во текот на годината."

(2) Обрасците од став (1) на овој член се составен дел на овој правилник."

Член 10

Во член 29 став (1), член 30 став (1) и член 32 став (2) зборовите "буџетите и ", се бришат.

Член 11

Во член 35, зборовите "буџетите или на", се бришат.

Член 12

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

Бр. 07-15644/1
10 мај 2006 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски,** с.р

РЕВ - 1

НАЗИВ НА СУБЈЕКТОТ_______________________________________________

СЕДИШТЕ НА СУБЈЕКТОТ ___________________________________________

# ПРЕСМЕТКА

НА ГОДИШНАТА РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ДОЛГОРОЧНИТЕ СРЕДСТВА НА ДЕН ___________ 200__ ГОДИНА
(се пополнува само по завршна сметка)

| Инвентарен број на вложувањето | Назив на материјалното или нематеријалното вложување | Набавна вредност на вложувањето | Исправка на вредноста на вложувањето | Број на месеци на ангажирањето во деловната година | Коефициент на ревалоризација на три децимали | Ревалоризација на набавната вредност на вложувањето (3 x 6) = 7 | Ревалоризација на исправката на вредноста на вложувањето (4 x 6) = 8 | Вкупнаревалоризирана вредност на вложувањето на крајот на деловната година (7 - 8) = 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | | | |

Во ____________________ Составил, Контролирал и заверил,

на ден _________________ ____________________ _________________________

РЕВ - 2

НАЗИВ НА СУБЈЕКТОТ____________________________________________

СЕДИШТЕ НА СУБЈЕКТОТ __________________________________________

# П Р Е С М Е Т К А

НА РЕВАЛОРИЗАЦИЈАТА НА ОТУЃЕНИТЕ ДОЛГОРОЧНИ СРЕДСТВА (РАСХОДОВАНИ, ПРОДАДЕНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ОТУЃЕНИ) НА ДЕН ____________________ ГОДИНА

ИНВЕНТАРСКИ БРОЈ НА ВЛОЖУВАЊЕТО ______________________________

НАЗИВ НА ВЛОЖУВАЊЕТО___________________________________________

ДАТА НА ВЛОЖУВАЊЕТО (НАБАВКА) __________________________________

(се пополнува при секое оттуѓување, расходување или промена на нематеријалните и материјалните вложувања - со исклучок на авансот)

| Ред. број | О П И С | И З Н О С |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Број на месеци на користење на вложувањата во тековната деловна година | |
| 2. | Коефициент на револоризација на три децимали | |
| 3. | Набавна вредност на вложувањата | |
| 4. | Исправка на вредноста на вложувањата | |
| 5. | Пресметана амортизација на вложувањата во текот на годината | |
| 6. | Стварна исправка на вредноста на вложувањата (4+5) | |
| 7. | Ревалоризација на набавната вредност на вложувањата (2 x 3) | |
| 8. | Ревалоризација на исправката на вредност на вложувањата (2 x 6) | |
| 9. | Резултат на ревалоризацијата за книжење (7 - 8) | |
| 10. | Сегашна вредност на вложувањата (3 + 9 - 6) | |

Во ____________________ СОСТАВИЛ, КОНТРОЛИРАЛ И ЗАВЕРИЛ,

На ден ________________ __________________ __________________________

**798.**

Врз основа на член 15-а став 3 од Законот за лизинг ("Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2002, 49/2003 и 13/2006), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАИ ЗА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на извештаите за склучени договори за финансиски лизинг.

Член 2

Извештаите за склучените договори за финансиски лизинг се доставуваат на образец - Извештај за склучени договори за финансиски лизинг кој е составен дел на овој правилник (во натамошниот текст: Образец). Образецот истовремено се доставува во печатена форма, заверен со печат и потпишан од овластено лице на давателот на финансиски лизинг и во електронска форма.

Член 3

Образецот од член 2 на овој правилник содржи: Општи податоци, Преглед 1 - Состојба на склучени договори за финансиски лизинг и Преглед 2 - Состојба на склучени договори за финансиски лизинг по предмети на лизинг.

Во Општи податоци се внесува:

1. Периодот за кој се однесуваат податоците;

2. Назив, седиште, ЕМБС, телефонски број, факс и е-маил на давателот;

3. Име и презиме, адреса, ЕМБГ, телефонски број и е-маил на одговорното лице.

Во Прегледот 1 се внесуваат податоци за бројот и вредноста (во денари) на договорите за финансиски лизинг, вкупно и посебно по правни и физички лица.

Во Прегледот 2 се внесуваат податоци за бројот и вредноста (во денари) на договорите за финансиски лизинг по предмети на лизинг и тоа: недвижни предмети (земјиште, станови, деловен простор и останато) и движни предмети (опрема и машини, товарни возила, патнички возила и останато).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-14903/1 — Министер,
4 мај 2006 година — м-р **Никола Поповски**, с.р.
Скопје

### ОБРАЗЕЦ - ИЗВЕШТАЈ ЗА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**Период:** **од** ____________________ (ден, месец и година)
**до** ____________________ (ден, месец и година)

**ПОДАТОЦИ ЗА ДАВАТЕЛОТ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ**

**Назив**
**Седиште**
**ЕМБС**
**Тел.**
**Факс**
**Е-меил**

**ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ**

**Име и презиме**
**Адреса**
**ЕМБГ**
**Тел.**
**Е-меил**

**ПРЕГЛЕД 1**

**СОСТОЈБА НА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ**

**Период:** **од** ____________________ (ден, месец и година)
**до** ____________________ (ден, месец и година)

| | | Број на договори | | | Вредност на договори (во 000 денари) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Прави и лица | Физички лица | Вкупно | Правни лица | Физички лица |
| 1 | 2 | 3 (4+5) | 4 | 5 | 6 (7+8) | 7 | 8 |
| 1. | Склучени договори | | | | | | |
| 2. | Активни договори | | | | | | |
| 3. | Раскинати договори | | | | | | |
| 4. | Обновени (продолжени) договори | | | | | | |
| 5. | Престанале да важат со истек на рок | | | | | | |
| 6. | Договори по кои е искористено право на купување на предметот | | | | | | |
| 7. | Договори по кои корисникот го пренел правото на користење на предметите | | | | | | |

Датум ____________________ Потпис и печат

**ПРЕГЛЕД 2**

**СОСТОЈБА НА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ ПО ПРЕДМЕТИ НА ЛИЗИНГ**

**Период:** од ____________(ден, месец и година)
до ____________(ден, месец и година)

| | | Договори за недвижни предмети | | | | | | Договори за движни предмети | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупна вредност во 000 денари | Број | | | | | Вкупна вредност во 000 денари | Број | | | | |
| | | | Вкупно | Земјиште | Станови | Деловен простор | Останато | | Вкупно | Опрема и машини | Товарни возила | Патнички возила | Останато |
| 1 | 2 | 3 | 4 (5+6+7+8) | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 (11+12+13+14) | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 1 | Склучени договори | | | | | | | | | | | | |
| 2 | Активни договори | | | | | | | | | | | | |

Датум____________ Потпис и печат

**799.**

Врз основа на член 3 став 4 од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/2002, 49/2003 и 13/2006), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и условите за добивање дозвола за вршење финансиски лизинг од страна на домашни трговски друштва и странски трговски друштва кои имаат основано подружница во Република Македонија (во натамошниот текст: барател).

Член 2

За добивање дозвола за вршење финансиски лизинг барателот до Министерството за финансии поднесува писмено барање.

Барањето од став 1 на овој член содржи:

1. Податоци за барателот и тоа: назив на барателот, седиште, телефонски број, факс, е-маил адреса, веб страница, даночен број, број на вработени, единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) и депонентна банка;

2. Податоци за одговорното лице на барателот и тоа: име и презиме, адреса, телефонски број, е-маил и единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) и

3. Лице за контакт со телефонски број и е - маил адреса.

Барањето се поднесува на образец кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од член 2 на овој правилник, барателот ја доставува следната документација:

1. Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

2. Уверение од надлежен суд дека против правното лице не е изречена мерка забрана за вршење на дејност;

3. Уверение од надлежен суд дека против одговорното лице на правното лице не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4. Потврда од надлежни институции за редовноста на плаќање на јавни давачки;

5. Потврда од надлежен суд или Централниот регистар на Република Македонија дека не е поведена стечајна или ликвидациона постапка;

6. Програма за работа;

7. Процедури и услови за склучување на договор за финансиски лизинг;

8. Програма за спречување на перење пари, одобрена од Дирекцијата за спречување на перење пари и

9. Доказ за бонитет.

Покрај документацијата од став 1 на овој член, подружница на странско трговско друштво ја доставува и следната документација:

1. Извод од регистарот во кој е регистриран основачот на подружницата;

2. Ревизорски извештаи со позитивно мислење за последните три години за основачот на подружницата изготвени од овластени ревизорски фирми и

3. Потврда, уверение или друг вид на доказ издаден од соодветен орган во земјата во која е регистриран основачот на подружницата со кои ќе може да се потврди дека основачот на подружницата ги исполнува условите од став 1 точка 2, 3, 4 и 5 на овој член.

Документацијата од ставовите 1 и 2 на овој член не смее да биде постара од шест месеци, а се приложува во оригинал или во копија заверена на нотар. За документацијата која изворно е на странски јазик потребно е да се приложи и заверен превод.

Член 4

Со влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и условите за добивање дозвола за вршење на финансиски лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2004).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-14902/1 Министер,
4 мај 2006 година м-р **Никола Поповски**, с.р.
Скопје

*Образец*

**Б А Р А Њ Е**

ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

1. Податоци за барателот:
   - Назив на барателот (домашно трговско друштво или подружница на странско трговско друштво): ______________________________
   - Седиште: ______________________________
   - Телефонски број: ______________ Факс: __________
   - E-mail: __________ WEB страница: www.______
   - Даночен број: □□□□□□□□□□□□□□
   - Број на вработени: □□□□
   - ЕМБС: □□□□□□□
   - Депонентна банка______________________.
2. Податоци за одговорното лице на барателот:
   - Име и презиме: ______________________________
   - Адреса: ______________________________
   - Телефонски број: ______________________________
   - E-mail: ______________________________
   - ЕМБГ: □□□□□□□□□□□□□.
3. Лице за контакт:
   - Телефонски број: ______________ и
   - E-mal: __________.

Одговорно лице,

______________________

(потпис и печат)

---

**800.**

Врз основа на член 12, став 2 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2005), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОТ И ИЗНОСОТ НА ЦАРИНСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА НАПРАВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА

Член 1

Во Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направените услуги во царинската постапка („Службен весник на РМ“ бр. 114/05) во членот 10 се додава став 2 кој гласи: „Одредбите од член 2 на овој правилник ќе се применуваат до 30.09.2006 година.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-16021/1
12 мај 2006 година
Скопје

Министер,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

**801.**

Врз основа на член 9 став 5 од Законот за платниот промет („Службен весник на РМ“ бр. 32/01, 50/01, 52/01, 103/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06), министерот за финансии донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОТВОРАЊЕ И ЗАТВОРАЊЕ НА СМЕТКА

1. Во Упатството за начинот и постапката за отворање и затворање на сметка („Службен весник на РМ“ бр. 115/05), во точката 2, во ставот 7, по зборот: „застапување“, зборовите: „и налози за пренос на средствата од сметките кои гаснат и се пренесуваат на новоотворената сметка во стечај“, се бришат.

Ставот 8 се брише.

Ставот 9 станува став 8.

2. Во точката 4 ставовите 1 и 2 се бришат.

Во ставот 3 во четвртиот ред по зборот „сметките“, зборовите: „во смисла на став 1 од оваа точка“ се бришат.

3. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 11-15914/1
9 мај 2006 година
Скопје

Министер,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**802.**

Врз основа на член 92 став 2 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на РМ" бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05 и 111/05), министерот за здравство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ ПРОСТОРНИ УСЛОВИ, ОПРЕМАТА И КАДРИТЕ ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ

Член 1

Во Правилникот за поблиските просторни услови, опремата и кадрите за основање и работење на здравствените установи ("Службен весник на РМ", бр. 11/902, 25/96, 48/02 и 30/05) по член 37 се додава нов поднаслов и нов член 37-а кои гласат:

"5.а Центар за ментално здравје

Член 37-а

Центарот за ментално здравје врши здравствена дејност ако има најмалку услови по однос на простор, опрема и стручен кадар за вршење на третман на лицата со проблеми во менталното здравје, превенција и промоција, психосоцијална грижа и рехабилитација и реинтеграција на ментално болните лица и тоа:

А) Просторни услови
- психијатриска ординација од 16м$^2$,
- просторија за интервенции од 16м$^2$,
- просторија за дневен престој од 30м$^2$,
- просторија за работна терапија од 20м$^2$,
- три простории за индивидуален третман од по 12м$^2$,
- трпезарија со чајна кујна од 20м$^2$,
- просторија за администрација од 16м$^2$,
- два санитарни јазли.

Б) Опрема
- за психијатриска ординација: опремата од член 9 на овој правилник,

- за просторија за интервенции: 1 легло, 2 столици со и без наслон, подвижен параван, 1 орман за лекови, инструменти и за санитетски материјал, подвижна масичка за лекови и инструменти, ладилник, касети за стерилен материјал и инструменти, бубрежници, пинцета разни, ножици, пеани, држач за јазик, слушалки, апарат за крвен притисок, садови за топломери и топломери,

- просторија за дневен престој: 20 столчиња, 4 масички, 2 ормани за списанија и книги, и друга соодветна опрема за дневен престој,

- просторија за работна терапија: соодветна опрема во зависност од видот на работната терапија што се спроведува,

- просторија за индивидуален третман: 1 работна маса, 2 столчиња,

- трпезарија со чајна кујна: трпезарија - маси и столчиња во зависност од бројот на корисниците, инсталација за топла и ладна вода; чајна кујна - елекричен шпорет или решо, ормани за садови, дводелен садомијалник, ладилник, работна маса, садови и прибор за јадење, канти за отпадоци.

В) Стручен кадар

- два доктори на медицина, специјалисти по психијатрија и соодветна лиценца,

- пет здравствени работници со средно образование од медицинска насока со положен стручен испит,

- два психолога, и

- еден социјален работник."

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-5377 Министер,
11 мај 2006 година проф. д-р **Владимир Димов,** с.р.
Скопје

---

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**803.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/02, 51/03, 85/03 , 40/04 и 61/05) и член 7 став 4 од Законот за пригодни ковани пари ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/95 и 74/04) Советот на Народна банка на Република Македонија, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОДАЖНАТА ЦЕНА НА ПРИГОДНИТЕ КОВАНИ ПАРИ

Член 1

Со оваа одлука се регулира продажната цена и начинот на продажба на пригодни ковани пари со кои располага Народна банка на Република Македонија.

Член 2

Продажните цени по кои Народна банка на Република Македонија ги продава пригодните ковани пари се следните:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Назив:** | **"Златен денар"** |
| | Тираж: | 1600 |
| | Исковано: | 1996 |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 28,4 милиметри |
| | Тежина: | 16 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 21.864,50 |
| | 18% ДДВ: | 3.935,50 |
| | **Продажна цена:** | **25.800,00 денари** |
| 2. | **Назив:** | **"30 години Афтокефална Македонска православна црква"** |
| | Тираж: | 5000 |
| | Исковано: | 1997 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916% - 22 карати |
| | Пречник: | 25,3 милиметри |
| | Тежина: | 8 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 11.356,00 |
| | ДДВ: | 2.044,00 |
| | **Продажна цена:** | **13.400,00 денари** |
| 3. | **Назив:** | **"50 години Егзодус на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија"** |
| | Тираж: | 1500 |
| | Исковано: | 1998 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 7 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 9.661,00 денари |
| | ДДВ: | 1.739,00 денари |
| | **Продажна цена:** | **11.400,00 денари** |
| **4.** | **Назив:** | **"50 години од Универзитетот Свети Кирил и Методиј"** |
| | Тираж: | 1000 |
| | Исковано: | 1999 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,0 милиметри |
| | Тежина: | 7 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 9.746,00 денари |
| | ДДВ: | 1.754,00 денари |
| | **Продажна цена:** | **11.500,00 денари** |
| 5. | **Назив:** | **"50 години на Економски факултет Скопје"** |
| | Тираж: | 1000 |
| | Исковано: | 2000 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916% - 22 карати |
| | Пречник: | 23,0 милиметри |
| | Тежина: | 7 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 9.576,50 денари |
| | ДДВ: | 1.723,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **11.300,00 денари** |
| 6. | **Назив:** | **"2000 години од Христијанството"** |
| | Тираж: | 1000 |
| | Исковано: | 2000 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 8 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 11.525,50 денари |
| | ДДВ: | 2.074,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **13.600,00 денари** |
| 7. | **Назив:** | **"2000 години од Христијанството"** |
| | Тираж: | 980 |
| | Исковано: | 2000 година |
| | Материјал: | Сребро |
| | Финост: | 925 ‰ |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 7 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 877,00 денари |
| | ДДВ: | 158,00 денари |
| | **Продажна цена:** | 1.035,00 денари |

8. **Назив:** **"10 години од осамостојувањето на Република Македонија"**
Тираж: 1000
Исковано: 2001 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 27 милиметри
Тежина: 10 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 13.474,50 денари
ДДВ: 2.425,50 денари
**Продажна цена:** **15.900,00 денари**

9. **Назив:** **"100 години од Илинденското востание"**
Тираж: 600
Исковано: 2003 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 32 милиметри
Тежина: 18 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 22.034,00 денари
ДДВ: 3.966,00 денари
**Продажна цена:** **26.000,00 денари**

10. **Назив:** **"100 години од Илинденското востание"**
Тираж: 700
Исковано: 2003 година
Материјал: Сребро
Финост: 925 ‰
Пречник: 32 милиметри
Тежина: 16 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 1.671,00 денари
ДДВ: 301,00 денари
**Продажна цена:** **1.972,00 денари**

11. **Назив:** **"Златник со ликот на Никола Карев"**
Тираж: 500
Исковано: 2003 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 23,8 милиметри
Тежина: 6 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 9.152,50 денари
ДДВ: 1.647,50 денари
**Продажна цена:** **10.800,00 денари**

12. **Назив:** **"Златник со ликот на Гоце Делчев"**
Тираж: 500
Исковано: 2003 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 23,8 милиметри
Тежина: 6 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 9.152,50 денари
ДДВ: 1.647,50 денари
**Продажна цена:** **10.800,00 денари**

13. **Назив:** **"Златник со ликот на Питу Гули"**
Тираж: 500
Исковано: 2003 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 23,8 милиметри
Тежина: 6 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 9.152,50 денари
ДДВ: 1.647,50 денари
**Продажна цена:** **10.800,00 денари**

14. **Назив:** **"Златник со ликот на Даме Груев"**
Тираж: 500
Исковано: 2003 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 23,8 милиметри
Тежина: 6 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 9.152,50 денари
ДДВ: 1.647,50 денари
**Продажна цена:** **10.800,00 денари**

15. **Назив:** **"Златник со ликот на Јане Сандански"**
Тираж: 500
Исковано: 2003 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 23,8 милиметри
Тежина: 6 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 9.152,50 денари
ДДВ: 1.647,50 денари
**Продажна цена:** **10.800,00 денари**

16. **Назив:** **"Златник со ликот на Крсте П.Мисирков"**
Тираж: 300
Исковано: 2003 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 23,8 милиметри
Тежина: 6 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 9.152,50 денари
ДДВ: 1.647,50 денари
**Продажна цена:** **10.800,00 денари**

17. **Назив:** **"Златник со ликот на Ѓорче Петров"**
Тираж: 300
Исковано: 2003 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 23,8 милиметри
Тежина: 6 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 9.152,50 денари
ДДВ: 1.647,50 денари
**Продажна цена:** **10.800,00 денари**

18. **Назив:** **"Златник со ликот на Методија А. Ченто"**
Тираж: 240
Исковано: 2003 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 23,8 милиметри
Тежина: 6 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 9.152,50 денари
ДДВ: 1.647,50 денари
**Продажна цена:** **10.800,00 денари**

19. **Назив:** **"Златник со ликот на Михаил Апостолски"**
Тираж: 240
Исковано: 2003 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 23,8 милиметри
Тежина: 6 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 9.152,50 денари
ДДВ: 1.647,50 денари
**Продажна цена:** **10.800,00 денари**

20. **Назив:** **"Златник со ликот на Блаже Конески"**
Тираж: 238
Исковано: 2003 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 23,8 милиметри
Тежина: 6 грама
Амбалажа: Соодветна кутија

| | |
|---|---|
| Цена без ДДВ: | 9.152,50 денари |
| ДДВ: | 1.647,50 денари |
| **Продажна цена:** | **10.800,00 денари** |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | **Назив:** | **"60 години на АСНОМ"** |
| | Тираж: | 500 |
| | Исковано: | 2004 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 8 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 12.627,00 денари |
| | ДДВ: | 2.273,00 денари |
| | **Продажна цена:** | **14.900,00 денари** |

Член 3

Продажните цени по кои Народна банка на Република Македонија продава комплети од пригодни ковани пари се следните:

1. **Назив: Комплет "2000 години од Христијанството"**

| | Пригодни ковани пари: | Материјал | Финост | Пречник | Тежина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | "2000 години од Христијанството" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 8 гр. |
| 2. | "2000 години од Христијанството" | Сребро | 925 ‰ | 23,8 мм | 7 гр. |

| | |
|---|---|
| Амбалажа: | Соодветна кутија |
| Цена вез ДДВ: | 12.403,00 |
| ДДВ: | 2.232,00 |
| **Продажна цена:** | **14.635,00 денари** |

2. **Назив: Комплет со банкноте "2000 години од Христијанството"**

| | Пригодни ковани пари: | Материјал | Финост | Пречник | Тежина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | "2000 години од Христијанството" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 8 гр. |
| 2. | "2000 години од Христијанството" | Сребро | 925 ‰ | 23,8 мм | 7 гр. |
| 3. | Банкнота од 100 денари | | | | |

| | |
|---|---|
| Амбалажа: | Соодветна кутија |
| Цена вез ДДВ: | 13.080,00 |
| ДДВ: | 2.355,00 |
| **Продажна цена:** | **15.435,00 денари** |

3. **Назив: Комплет Бр. 1 "100 години од Илинденското востание"**

| | Пригодни ковани пари: | Материјал | Финост | Пречник | Тежина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | "100 години од Илинденското востание" | Злато | 916 ‰ | 32,0 мм | 18 гр. |
| 2. | "100 години од Илинденското востание" | Сребро | 925 ‰ | 32,0 мм | 16 гр. |

| | |
|---|---|
| Амбалажа: | Соодветно пакување |
| Цена вез ДДВ: | 23.705,00 |
| ДДВ: | 4.267,00 |
| **Продажнацена:** | **27.972,00 денари** |

4. **Назив: Комплет Бр.2 "100 години од Илинденското востание"**

| | Пригодни ковани пари: | Материјал | Финост | Пречник | Тежина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | "100 години од Илинденското востание" | Злато | 916 ‰ | 32,0 мм | 18 гр. |
| 2. | "100 години од Илинденското востание" | Сребро | 925 ‰ | 32,0 мм | 16 гр. |
| 3. | "Златник со ликот на Никола Карев" | Злато | 916 ‰ | 23Ѓ8 мм | 6 гр. |
| 4. | "Златник со ликот на Гоце Делчев" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 гр. |
| 5. | "Златник со ликот на Питу Гули" | Злато | 916 ‰ | 23,88 мм | 6 гр. |
| 6. | "Златник со ликот на Даме Груев" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 гр. |
| 7. | "Златник со ликот на Јане Сандански" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 гр. |

| | |
|---|---|
| Амбалажа: | Соодветна кутија |
| Цена вез ДДВ: | 69.468,00 |
| ДДВ: | 12.504,00 |
| **Продажна цена:** | **81.972,00 денари** |

5 **Назив: Комплет Бр.3 "100 години од Илинденското востание"**

| | Пригодни ковани пари: | Материјал | Финост | Пречник | Тежина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | "100 години од Илинденското востание" | Злато | 916 ‰ | 32,0 мм | 18 гр. |
| 2. | "100 години од Илинденското востание" | Сребро | 925 ‰ | 32,0 мм | 16 гр. |
| 3. | "Златник со ликот на Никола Карев" | Злато | 916 ‰ | 23Ѓ8 мм | 6 гр. |
| 4. | "Златник со ликот на Гоце Делчев" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 гр. |
| 5. | "Златник со ликот на Питу Гули" | Злато | 916 ‰ | 23,88 мм | 6 гр. |
| 6. | "Златник со ликот на Даме Груев" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 гр. |
| 7. | "Златник со ликот на Јане Сандански" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 гр. |
| 8. | "Златник со ликот на Крсте П. Мисирков" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 гр. |
| 9. | "Златник со ликот на Ѓорче Петров" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 гр. |
| 10 | "Златник со ликот на Методија А. Ченто" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 гр. |
| 11 | "Златник со ликот на Михаил Апостолски" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 гр. |
| 12 | "Златник со ликот на Блаже Конески" | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 гр. |

| | |
|---|---|
| Амбалажа: | Соодветна кутија |
| Цена вез ДДВ: | 115.231,00 |
| ДДВ: | 20.741,00 |
| **Продажна цена:** | **135.972,00 денари** |

Член 4

Пригодните ковани пари од член 1 на оваа одлука, Народна банка на Република Македонија ги продава на физички и правни лица.

Член 5

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за продажба на пригодни ковани пари О.бр. 02-15/XI -8/2004 од 25 ноември 2004 година објавена во "Службен весник на Република Македонија бр.92/2004".

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О.бр.02-15/2-2006
17 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка на
Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

---

## 804.

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), а во врска со член 11 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија"бр.19/04 и 109/05), Советот на Народна банка на Република Македонија, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ ПЛАН ЗА НАБАВКИ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2006 ГОДИНА

1. Во точка 1 од Одлуката за усвојување План за набавки на Народна банка на Република Македонија за 2006 година О.бр.02-15/XI-5/2005 од 23.12.2005 година, износот "365.101.464,00 денари " се заменува со износот "377.101.464,00 денари".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/1-2006
17 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

---

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) е направена грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ

Во членот 31 ставот (3) треба да гласи:

„(3) Надлежноста од ставовите (1) и (2) на овој член ќе ја вршат судовите и тоа: Основниот суд во Битола и за подрачјето на Основниот суд во Ресен; Основниот суд во Прилеп и за подрачјето на Основниот суд во Крушево; Основниот суд во Охрид за подрачјето на Основниот суд во Охрид; Основниот суд во Струга за подрачјето на Основниот суд во Струга; Основниот суд во Гостивар и за подрачјето на основните судови во Кичево и Дебар; Основниот суд во Тетово за подрачјето на Основниот суд во Тетово; Основниот суд во Куманово и за подрачјето на основните судови во Крива Паланка и Кратово; Основниот суд во Кочани и за подрачјето на основните судови во Берово, Виница и Делчево; Основниот суд во Велес и за подрачјето на основните судови во Гевгелија, Кавадарци и Неготино; Основниот суд во Струмица и за подрачјето на Основниот суд во Радовиш и Основниот суд во Штип и за подрачјето на Основниот суд во Свети Николе.“

Бр. 10-1972/2
17 мај 2006 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на Република
Македонија

---

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во пречистениот текст на Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2006) е направена грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА
(Пречистен текст)

Во членов 48 став 1 зборовите: „од добивката“ треба да се бришат.

Бр. 10-2015/2
17 мај 2006 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на Република
Македонија

---

## ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**71.**

Врз основа на член 163, а во врска со член 125 и член 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Сл.весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 5/01,50/01, 85/03, 50/04, 4/05 и 101/05) и член 35 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ("Сл.весник на Република Македонија" бр. 50/94, 34/95, 53/97, 10/02, 5/04, 23/04 и 88/05), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 16.05.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење во "СИЛМАК" ДООЕЛ експорт-импорт Јегуновце

Член 1

Во "СИЛМАК" ДООЕЛ експорт-импорт Јегуновце, како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, се утврдуваат следните работни места:

| Ред. број | Работно место | Степен на зголемување |
|---|---|---|
| 1. | Оператер за изливање на метал - прв изливач на 1 и 2 печка | 12/16 |
| 2. | Оператер за изливање на метал - втор изливач на 1 и 2 печка | 12/16 |
| 3. | Оператер за шаржирање – шаржирач на 1 и 2 печка | 12/16 |
| 4. | Ракувач со кран - кранист на 1 и 2 печка | 12/14 |
| 5. | Ракувач за чистење на лонци - лончар на 1 и 2 печка | 12/14 |
| 6. | Ракувач во финализација на готов производ на 1 и 2 печка | 12/14 |
| 7. | Оператер за изливање на метал - прв изливач на 3 и 4 печка | 12/16 |
| 8. | Оператер за изливање на метал - втор изливач на 3 и 4 печка | 12/16 |
| 9. | Оператер за шаржирање – шаржирач на 3 и 4 печка | 12/16 |

| Ред. број | Работно место | Степен на зголемување |
|---|---|---|
| 10. | Ракувач со кран - кранист на 3 и 4 печка | 12/14 |
| 11. | Ракувач за чистење на лонци - лончар на 3 и 4 печка | 12/14 |
| 12. | Ракувач во финализација на готов производ на 3 и 4 печка | 12/14 |
| 13. | Оператер за изливање на метал - прв изливач на 7 печка | 12/16 |
| 14. | Оператер за излевање на метал - втор изливач на 7 печка | 12/16 |
| 15. | Оператер за шаржирање - шаржирач (велманист) на 7 печка | 12/15 |
| 16. | Ракувач со кран - кранист на 7 печка | 12/14 |
| 17. | Ракувач за чистење на лонци - лончар на 7 печка | 12/14 |
| 18. | Ракувач за чистење на траки - тракист на 7 печка | 12/14 |
| 19. | Ракувач во финализација на готов производ на 7 печка | 12/14 |
| 20. | Оператер за излевање на метал - прв изливач на 8 печка | 12/16 |
| 21. | Оператер за излевање на метал - втор изливач на 8 печка | 12/16 |
| 22. | Оператер за шаржирање - шаржирач на 8 печка | 12/16 |
| 23. | Ракувач со кран - кранист на 8 печка | 12/14 |
| 24. | Ракувач за чистење на лонци - лончар на 8 печка | 12/14 |
| 25. | Ракувач за чистење на траки- тракист на 8 печка | 12/14 |
| 26. | Ракувач во финализација на готов производ на 8 печка | 12/14 |
| 27. | Оператер за излевање на метал - прв изливач на 9 печка | 12/16 |
| 28. | Оператер за излевање на метал - втор изливач на 9 печка | 12/16 |
| 29. | Оператер за шаржирање - шаржирач на 9 печка | 12/16 |
| 30. | Ракувач со кран - кранист на 9 печка | 12/14 |

| Ред. број | Работно место | Степен на зголемување |
|---|---|---|
| 31. | Ракувач со кран – кранист на кота 24 на 9 печка | 12/14 |
| 32. | Ракувач за чистење на траки - тракист на 9 печка | 12/14 |
| 33. | Ракувач во финализација на готов производ на 9 печка | 12/14 |
| 34. | Ракувач во сепарација на готов производ | 12/15 |
| 35. | Ракувач со постројки - тракист во подготовка на суровина I на печка 1 – 4 | 12/14 |
| 36. | Помошник ракувач со постројка - помошен тракист во подготовка на суровина I на печка 1 – 4 | 12/14 |
| 37. | Ракувач со кран – кранист во подготовка на суровина I на печка 1 – 4 | 12/14 |
| 38. | Ракувач со постројки - тракист во подготовка на суровина II на печка 9 | 12/14 |
| 39. | Ракувач со кран – кранист во подготовка на суровина II на печка 9 | 12/14 |
| 40. | Ракувач со постројки - тракист во подготовка на суровина III на печка 7 и 8 | 12/14 |
| 41. | Оператер 1- заварувач во машинско одржување од 1 до 4 печка и подготовка на суровини | 12/14 |
| 42. | Оператер 2- заварувач во машинско одржување од 1 до 4 печка и подготовка на суровини | 12/14 |
| 43. | Оператер 3- заварувач во машинско одржување од 1 до 4 печка и подготовка на суровини | 12/14 |
| 44. | Оператер - заварувач на плаштеви во машинско одржување од 1 до 4 печка и подготовка на суровини | 12/15 |
| 45. | Оператер - брусач на плаштеви во машинско одржување од 1 до 4 печка и подготовка на суровини | 12/14 |
| 46. | Оператер 1 - заварувач во машинско одржување на 7 и 8 печка и подготовка на суровини | 12/14 |
| 47. | Оператер 2 - заварувач во машинско одржување на 7 и 8 печка и подготовка на суровини | 12/14 |
| 48. | Оператер - заварувач на плаштеви во машинско одржување на 7 и 8 печка и подготовка на суровини | 12/15 |
| 49. | Оператер – брусач на плаштеви во машинско одржување на 7 и 8 печка и подготовка на суровини | 12/14 |

| Ред. број | Работно место | Степен на зголемување |
|---|---|---|
| 50. | Оператер 1 - заварувач во машинско одржување на 9 печка и подготовка на суровини | 12/14 |
| 51. | Оператер 2 - заварувач во машинско одржување на 9 печка и подготовка на суровини | 12/14 |
| 52. | Оператер - заварувач на плаштеви во машинско одржување на 9 печка и подготовка на суровини | 12/15 |
| 53. | Водител на група во машинско одржување на сепарација на готов производ | 12/13 |
| 54. | Оператер 1- бравар во машинско одржување на сепарација на готов производ | 12/14 |
| 55. | Оператер 2 - бравар во машинско одржување на сепарација на готов производ | 12/14 |
| 56. | Оператер 3 – бравар, подмачкувач во машинско одржување на сепарација на готов производ | 12/14 |
| 57. | Оператер 3 – заварувач во машинско одржување на сепарација на готов производ | 12/14 |
| 58. | Оператер 1 - заварувач во централно одржување во машинска работилница | 12/13 |
| 59. | Оператер 2 - заварувач во централно одржување во машинска работилница | 12/13 |
| 60. | Оператер 3 - заварувач во централно одржување кранско | 12/13 |
| 61. | Оператер 1 – заварувач на произвоство на плаштеви | 12/14 |
| 62. | Оператер 1 – заварувач во монтажа | 12/13 |
| 63. | Оператер за сечење во демонтажа | 12/13 |
| 64. | Оператер 1 – специјалист заварувач | 12/13 |
| 65. | Оператер 1 - заварувач | 12/13 |

Член 2

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, а најрано од денот од кога се распоредени на тие работни места, под услов за тој период да е платен додатниот придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење.

Член 3

Врз основа на документацијата со која располага работодавецот, ќе се утврди дека осигуреникот врши работи и задачи од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Фактичката состојба за работниците што се распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука ја утврдува Комисијата, составена од по еден претставник од подрачната единица на Стручната служба на Фоднот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, работодавецот и на органот на управата надлежен за работите на инспекцијата на трудот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-2927/1
17 мај 2006 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ленка Баловска,** с.р.

---

**73.**

Врз основа на член 163, а во врска со член 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Сл.весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 5/01,50/01, 85/03, 50/04 и 4/05) и член 40 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ("Сл.весник на Република Македонија" бр. 50/94, 34/95, 53/97, 10/02, 5/04, 23/04 и 88/05), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 16.05.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на работните места во АД "Алкалоид" Скопје на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, во постапка на ревизија

Член 1

Во АД "Алкалоид" Скопје во постапка на ревизија како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, се утврдуваат следните:

| Ред. број | Работни места | Степен на Зголемување |
|---|---|---|
| | **I. ПЦ "ФАРМАЦИЈА"-Одделение алколоиди и синтези** | |
| 1. | Организатор/сменоводител (00390) | 12/14 |
| 2. | Постар производен работник (00650) | 12/15 |
| 3. | Подготовка (00347) | 12/15 |
| 4. | Производен работник ВС (00651) | 12/15 |
| 5. | Производен работник (00649) | 12/15 |
| 6. | Пакување(00359) | 12/15 |
| 7. | Општ работник (00358) | 12/15 |
| 8. | Транспортен работник (00387) | 12/15 |
| 9. | Чистач (00408) | 12/14 |
| 10. | Магационер (00281) | 12/13 |
| | **II. ПЦ "ПРЕМАЗИ"-Производство на премази и синтези** | |
| 11. | Производен работник (00649) | 12/15 |
| | **III. ПЦ "ФАРМАЦИЈА"-подготовка, магацини, сервис, енергетика и транспорт** | |
| 12. | Возач (00396) | 12/14 |
| | **IV.ПЦ"Хемија и козметика"-производство на хемикалии** | |
| 13. | Производен работник (00649) | 12/14 |
| 14. | Подготовка (00347) | 12/14 |

Член 2

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работното место од член 1 на оваа одлука се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, а најрано од денот од кога се распоредени на тие работни места, под услов за тој период да е платен додатниот придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење.

Член 3

Врз основа на документацијата со која располага работодавецот, ќе се утврди дека осигуреникот врши работи и задачи од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Фактичката состојба за работниците што се распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука ја утврдува Комисијата, составена од по еден претставник од подрачната единица на Стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, работодавецот и на органот на управата надлежен за работите на инспекцијата на трудот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-2925-1
17 мај 2006 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател,
**Ланка Балаловска,** с.р.

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ ГИ НУДИ

## СО ГОЛЕМО НАМАЛЕНИЕ НА ИЗДАНИЈАТА

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| 1 | **Изборен законик,** *2006* | 300,00 |
| 2 | **Закон за стечај,** *2006* *од д-р Кирил Чавдар (со објаснувања, судска практика и предметен регистар)* | 600,00 |
| 3 | **Закон за трговските друштва,** со вовед, *2004* | 500,00 |
| 4 | **Закон за општата управна постапка** (со коментар) *Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | 500,00 |
| 5 | **Кривичен законик** *од проф. д-р Методија Каневчев (со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите), 2005* | 600,00 |
| 6 | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | 400,00 |
| 7 | **Закон за работните односи** (редакциска збирка, 2005) | 400,00 |
| 8 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX), 2005* на македонски јазик (тврд повез) мал формат | 150,00 |
| 9 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX), 2005* на македонски и на англиски јазик (во една книга), голем формат | 300,00 |
| 10 | **Збирки на прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004* | |
| а) | **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст).* | 400,00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност).* | 300,00 |
| в) | **III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита.* | 350,00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот, Закон за квалитетот на амбиентниот воздух; Законите за заштита на природата)* | 350,00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од областа на локалната самоуправа, 2004, по цена од** | 1.200,00 |
| 11 | **Збирка на прописи (редакциска)** *(Законите за: градење; за просторно и урбанистичко планирање; за животната средина), 2005* | 350,00 |
| 12 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право,** *2000* | 100,00 |
| 13 | **Закон за извршната постапка** *Д-р С. Георгиевски, 2002* | 200,00 |
| 14 | **Закон за јавните набавки,** *2004* *(со подзаконските акти)* | 100,00 |
| 15 | **Закон за спречување на корупцијата** *Со Закони за ратификација на конвенции Д-р Ј. Проевски (со објаснувања), 2002* | 100,00 |
| 16 | **Закон за денационализација** (со коментар, објаснувања и обрасци) *Д-р С. Георгиевски, 2000* | 200,00 |
| 17 | **Збирка на прописи од областа на државјанството** *Д-р Ф. Стоев, М-р М. Лазарова – Трајковска, 1998* | 150,00 |
| 18 | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година** | 4.000,00 |
| 19 | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година** | 1.000,00 |
| 20 | **Регистар на прописи на РМ** | 3.700,00 |
| 21 | **WEB - базата на прописи од 1945 до денес. www.slvesnik.com.mk** | |

## П О Р А Ч К А БР. 62

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци;

р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци;

р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ____________________

**Место:** _________, **ул.** ____________________, **бр.** ______, **тел./факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________, _______**2006 година.** **(М.П.)** ____________________

## ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ ГИ НУДИ

## СО ГОЛЕМО НАМАЛЕНИЕ ИЗДАНИЈАТА

| Изданија | Цена |
|---|---|
| **1. Изборен законик**, *2006* | **300,00** |
| **2. Закон за стечај,** *2006*<br>*од д-р Кирил Чавдар*<br>*(со објаснувања, судска практика и предметен регистар)* | **600,00** |
| **3. Закон за трговските друштва**<br>со вовед, *2004* | **500,00** |
| **4. Закон за општата управна постапка** (со коментар)<br>*Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | **500,00** |
| **5. Кривичен законик**<br>*од проф. д-р Методија Каневчев*<br>*(со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите), 2005* | **600,00** |
| **6. Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | **400,00** |
| **7. Закон за работните односи**<br>(редакциска збирка, *2005*) | **400,00** |
| **8. Устав на Република Македонија**<br>*(со сите амандмани од I - XXX), 2005*<br>на македонски јазик (тврд повез)<br>мал формат | **150,00** |
| **9. Устав на Република Македонија**<br>*(со сите амандмани од I - XXX), 2005*<br>на македонски и на англиски јазик (во една книга), голем формат | **300,00** |

## ПОРАЧКА БР. 62

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ________________________ **Место:** __________,

**ул.** ____________________, **бр.** _______, **тел./факс** ______________

**Потпис на порачателот**

**Во** ________, ______**2006 година.** **(М.П.)** ____________________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.

ISSN 0354-1622

2006062